**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесет и четвртата седница**

**на Собранието на Република Македонија, одржана**

**на 11 септември 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, дали можеме да почнеме?

Ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата, времето одминува.

Продолжуваме со работа по 34-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Ванчо Ѓорѓиев, Елеонора Петрова Митевска, Илија Китановски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Теута Арифи, Али Ахмети, Ганка Самоиловска - Цветанова, Ристо Пејоски и Ѓорѓи Трендафилов известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа во 11-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Продолжуваме со претресот.

Дали некој бара збор?

За збор се јави министерот за правда г.Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници.

Предлогот за изменување и дополнување на Кривичниот законик кој е предмет на дискусија на денешната седница на Собранието претставува продолжување на реформата на казненото законодавство во Република Македонија запаочната од донесувањето на постојниот законик.

Негативните појави во развојот на државата во изминатиот период резултираа и со појава на нови форми на криминал како што се корупцијата, перењето пари, финансиските и слични малверзации, насилничкиот криминал и во последните години се поприсутниот организиран криминал и сл. Поради тоа се оцени дека е несомнено моментот за ревидирање и унапредување на Кривичниот законик со востановување на нови инкриминации, измена во системот на казните и воопшто заострување на казнената политика како најсоодетен одговор на пројавените негативни појави и тенденции во функционирањето на правната држава.

Донесувањето на законот за измена и дополнување на Кривичниот законик е предодредено и од потребата за востановување на ефикасен механизам како на планот на превенцијата така и во однос на зајакнување на казнено правната репресија со нагласена неопходност за создавање на рационален и ефикасен инструмент во борбата против криминалитетот воопшто.

Едновремено донесувањетона овој закон е последица и на определбата на Македонија за интегрирање во Европските текови, а посебно за процеот на Евро-интеграција поради што е неопходно усогласување на нашето казнено законодавство со Законодавствата на развиените Европски држави, како и потребата за имплементирање на одредбите од повеќето меѓународни конвенции, кои РМ, ги има ратификувано во изминатиот период и тие станаа составен дел на нашиот правен поредок.

Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик има за цел едновремено да востнаови ефикасни мерки на планот на казнено правната репресија и притоа да се зајакне казнената политика во однос на новите форми на криминалитетот. Да востанови кривично правни основи за санкционирање на кривичната одговорност на правните лица, да го реформира системот на санкции со цел за подигање на нивната ефикасност, да вгради во системот на санкции одредби за функционирање на системот на алтернативното казнување, да се имплементираат бројните меѓународни конвенции, резолуции и препораки, односно сите стандарди на современо казнено законодавство и на крај да се создаде правен инструмент односно ефикасен инструмент на правната држава во борбата против криминалот.

Не помалку значајно е повторното востановување на кривично правната санкција конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело. Овој институт иако досега функционираше во поинаков облик како пленидба на имотна корист е голем исчекор во сузбивањето на незаконското збогатување на лица поврзани со организиран криминал и воендо претставува надминување на двојството и недоречениот статус на пленидбата.

Значајна новина во законот чие донесување се предлага е востановување на кривична одговорност на правните лица што е последица на нивната позиција во правниот систем и општествениот живот и појаата на нови форми на криминалитет во сверата на економијата како што е корупцијата, перењето пари, криумчарењето, измамата на купувачите, берзанските измени и трансакции, лажни стечаи и слично.

Воведувањето на кривичната одговорност на правните лица по примерот на развиените европски законодавства претставува соодветен одговор на негативните појави воочени во процесот на транзиција кога како носители на криминални активности со кои се предизвикуваат големи материјални штети на општеството како што се пирамидалните штедилници, разграбување на општествениот капитал преку несоодветните приватизации, злоупотребите со хартии од вредност и слично се појавуваат точно во правните субјекти.

Во таа насока недвосмислена е оценката дека со санкционирањето на одговорноста на правните лица и во форма на одговорност за таксативно набројани кривични дела како што е измама на купувачите, лажен стечај, перење пари и слично ќе се создаат основни предуслови за сузбивање на новите форми на криминал.

За сторителите на овој вид на криминал односно на кривични дела се предлагаат кривични санкции и тоа: парична казна, привремена или трајна забрана за вршење дејност, ликвидација на правното лице, конфискација на имот и одземање на предметите.

Едновремено востановувањето на кривичната одговорност на правните лица претставува доследно спроведување на меѓународните обврски на нашата земја преземени со потпишувањето на Конвенцијата на ОН, против транснационален организиран криминал од 2000-та година како што е Конвенцијата од Палермо односно со ратификуваните конвенции на Советот на Европа за спречување н перење пари, спречување на корупцијата, казнена и граѓанска и секако првостепено значење има потпишаниот договор за стабилизација и асоцијација на РМ со ЕУ, во 2000-та година.

Имено, со директивите и мерките на ЕУ, е у тврден концептот на санкционирање на одговорноста на правните лица и во таа насока со предложените мерки измени и дополнувања на Кривичниот законик едновремено се усогласува нашето законодавство со Второт протокол на Конвенцијаа за заштита на финансиските интереси на ЕУ од 1997 година, како и со корпус јурис т.н. економско казнено право на ЕУ, од 1998 година. Потоа со Конвенцијата за спречување на поткупувањето на странските службени лица во меѓународните трансакции на ОЕЦД и други.

Во тој контекст значајни се измените кои се однесуваат односно кои се предлагаат и се воведуваат како нови инкриминации како што е злоупотреба на службена должност со несовесно работење и прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот.

Исто така со измените се санкционираат и новите облици на перењето пари и други приноси од кривичното дело, изманите при работењето со хартии од вредност, разните злоупотреби при тргувањето на берзата, потоа шверцувањето и незаконската употреба на стока увезена со царински повластици, злоупотребата на службената положба и овластување, незаконското влијание врз сведоците, поднесување лажни докази и слично.

Мошне значајна фаза во реформата на казнениот правен систем што започнува со овие измени претставува измена на системот на казни. Имено, со овој Предлог закон се проширува системот на казни и покрај казнаста затвор, паричната казна и доживотната казна затвор во системот се воведуваат како казни и престанокот или забраната за вршење професија, забраната со управување со моторно возило и протерувањето на странецот од земјата.

Максимумот казна затвор за кривичните дела за кои може да се изречи казна доживотен затвор, на пример убиство, или убиство на повеќе лица е подигната од 15 на 20 години.

Значајна новина на предложениот закон односно во системот на санкции секако претставува и воведувањето на системот на алтернативно казнување што е последица на имплементацијата на Препораката Р-16 на Комитетот на министри на Советот на Европа со што се создава законски основ за поблаго казнување на сторителите на полесни кривични дела до една година примарни сторители спрема кои и на овој начин би се оствариле целите на казнувањето.

Во тој контекст алтернативните мерки би можеле да се изречат како условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена, условно одлагање на казнената постапка, општо корисната работа и куќниот затвор.

На крајот почитувани пратеници дозволете ми да истакнам дека овие измени и дополнувања на Кривичниот законик како дел од реформата на казненото законодавство ќе биде проследена и со значајни измени во кривичната постапка, со востановување на специјалните истражни мерки, со зајакнување на посицијата на јавниот обвинител во кривичниот прогон на сторителите на кривичните дела, а посебно во делот на организираниот криминал со унапредување на ефикасноста на судовите односно на судскиот систем така што во скоро време во законодавна постапка ќе бидат предложени измените на Законот за кривична постапка и Законот за јавно обвинителство се со цел

ефикасно да функционира правната држава и остварување на целите  на казнувањето на сторителите на кривичните дела.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на министерот Дарљиишта.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, колеги пратеници.

Најпрвин дозволете ми да го искажам своето лично задоволство што конечно вака од Владата добиваме еден добар предлог икога станува збор за предлози кои доаѓаат од ресорот на Министерството за правда навистина досега еве мора да искажеме пофалба до тој ресор сите предлози кои доаѓаат се навистина добро и напишани и добро опфатени во самиот текст и она што е смисла и цел на самиот закон.

Значи, зборуваме за прва фаза за измени и дополнувања на Кривичниот законик и во самата фаза прва е потребата да се донесе еден ваков закон, меѓутоа, ни се нуди текст кој навистина со многу малку забелешки може да се каже дека текстот е добар опфатил се она што е потребно во овој момент.

Тука секако е за пофалба стручниот тим кој работи во Министерствата за правда, да не ја земе заслугата само министерот, така што во секој случај и ние како пратеници кога е нешто добро треба да го пофалиме, а кога нешто не чини сигурно дека ќе го критикуваме.

Не би се задржал на причините поради кои се бара измената на еден ваков закон, тие се добро образложени во самото образложение на министерот и од пратеникот Кондарко така што не би сакал да ги образлагам, јасна е целта која се наметнува.

Ме радува фактот што таа пракса треба да продолжи, значи, кога се нуди дали е тоа нов закон или е измена или дополнување на Закон, но кога се нудат нови решенија убава е постапката што сега ја гледаме да се нудат и алтернативни решенија што значи самите пратеници или она што ќе излезе од други јавни дискусии наметнат дали е потребно она што сега го нуди како проект Владата или она алтернативното решение кое се предлага во истиот закон, но зависно  од онаа реакција која ќе се случи во Собранието, а и пошироко веројатно да го примени тоа што е потребно да се примени.

Во самиот текст на законот имаме такви алтернативни решенија едно од тие алтернативни решенија е дали треба во системот на казни да биде опфатена и казната конфискација на имот. Може би е предмет на дискусија и од самите дискусии што би

произлегло значи кога веќе ги менуваме казните онака како што е и предвидено во овој закон е за расмислување дали конфискацијата на имотот да влезе во системот на казни.

Ако мене лично ме прашувате јас сметам дека е потребно да влезе во системот на казни онака како што се набројани со додадена и таа како казна.

Претходниот пратеник искажа дека оваа мерка е новина, јас не би се соглсил дека е новина затоа што конфискацијата на имот беше позната од претходниот систем, па едновреме беше укината, па потоа беше изменета на некој начин со одземање на предмети стекнати во текот на кривичното дело за да повторно денеска ја имаме како мерка конфискација на имот.

Не би се согласил ни со фактот дека тоа е можеби комунистичка мерка бидејќи потекнува од тој систем, меѓутоа, самото време во кое живееме очиглендо не можеме да се ослободиме од тие рецидиви самата мерка во овој момент, а може би и многу порано е потребна затоа што навистина е потребна затоа што навистина со кривичните дела кои многу сторители ги прават може би денеска најлесно се доаѓа до одредено богатство, но не постои начин како да се санкционира односно како да се обештети.

Но, да не прескокнувам, туку да одам со ред. Јас ќе се задржам почитуван министре на некои од членовите, се надевам дека стенограмот ќе го добиете и веројатно голем дел од моите сугестии и мислења може би ќе приатите може би не, во секој случај би било пожелно барем нешто да се прифати.

Би се задржал на членот 4. Во членот 11 се додава по ставот 1 по зборот "небрежност" точката се брише и се додаваат зборовите: "и притоа бил свесен и бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото".Овде станува збор како може да се изврши кривично дело, дали со умисла или небрежност, јас мислам дека во теоријата е доста добро образложено и во праксата барем ние правниците знаеме што е умисла што небрежност. Оваа реченица која сега се додава повеќе се однесува на пресметливоста која исто така е регулирана во Кривичниот законик значи повеќе пресметлив, а дали некој бил свесен или бил должен да биде свесен за забранетоста или незабранетоста на кривичното дело сепак претставува елемент на пресметливост на сторителот. Ова не менува којзнае што и ова додавање на реченицата затоа што во основа мислам дека е подобро да си остане текстот умисла или небрежност. Ако веќе станува збор за пресметливост имаме непресметливо, битно намалена пресметливост и тоа теоретичарите и практичарите добро знаат да го спроведуваат.

Исто така и членот 5 ако станува збор во која ситуација сторителот е непресметлив сега се додава заостанат душевен развој и реченицата или особено други тешки душевни пречки. Но, сега ќе се наметне прашањето ова што сега го додавате во која категорија ќе

го уврстиме дали се тоа трајни пречки, или привремени пречки.Ако се трајни ќе мора да кажеме дека е апсолутно непресметлив, но ако се привремени или повремени, тогаш може да влезе во онаа категорија на битно намалена пресметливост или намалена пресметливост што значи и тука треба да се обрне внимание дали треба да стои и оваа реченица, затоа што мислам дека е претходно се кажано во доменот на самата пресметливост.

Одиме понатаму за пофалба е новината предвидена со членот 27-а, разработена и понатаму тоа е кривичната одговорност на увозникот и дистрибутерот. Мислам дека на овој начин треба да се стави ред на сите оние увозници и дистрибутери кои навистина користејќи една ваква позиција, една ваква положба ни пласираат секакви можни информации, а за тоа да не носат никаква одговорност, зборувам за средствата за јавно информирање. Спрема тоа, добро е што е вака регулирано за да се воспостави некаков ред.

Една од поголемите новини е сепак предвидена со членот 28 тоа се новиот член 28-а каде се предвидува кривична одговорност на правно лице. Да бидам искрен почитуван министре кога студирав правен факултет имаше во тогашното време една не дилема туку една јасна позиција дека првните лица никогаш не можат да бидат кривично одговорни. Моите професори ме убедувале дека секој може да биде кривично гонет само не правното лице, бидејќи не постои начин како да го казниме затоа што сепак најтешката казна за секој еден сторител е казната затвор или тогаш во тоа време смртната казна додека сите други казни дали е тоа парична се сметаа за поблаги казни и многу пати и до ден денеска не го давале резултатот. Тогаш во тоа време одговорност ана правните лице беа дефинирани во стопански престапи, имавме специјални судови, судови за стопански престап од времето кога првата влада наг-динот Црвенковски го измени законот, па стопанските престапи отпаднаа со законот за судовите се воведе прекршочната одговорност - не даде резулати и сега се враќаме не онаа дискусија, мене ме разубедивте ќе треба и моите професори дека конечно се воведува и кривична одговорност на правните лице. Сега самиот поим звучи доста остро, но ако се прочита добро текстот и членот се гледа дека сепак се тоа решенија изведени на некој начин она што и претходно го имавме со тоа што повикувањето на одговорноста на правните лица треба да воспостави дисциплина.

Може би е добро во секој случај што овој пат ќе бидат системски што знажи во еден закон калкулирани односно воспоставени сите норми на однесување, па вклучително и на правните лица на начин на кој, сега не сакам да одземам многу време и да го читам

членот, тожно оној начин како што е овде предвидено. Тоа значи дека го прифаќам и треба вака да остане дури нема потреба да се доразработува.

Измена во секој случај доста интересна е и членот 33 кој се менува каде сега се воспоставува нов систем на казни. По овој предлог покрај досегашниот имавме само две казни тоа се казна затвор и парична казна сега воспоставуваме и додаваме нови тоа се престанокот или забраната на вршење на прва, тоа е забрана за вршење професија дејност или должност, забрана на управување со моторно возило, протерување странец од земјата и како алтернативен предлог е конфискација на имотот, јас кажав дека таа би требало да биде како точка 3 по строгост со тоа што би се прошириле не со шест, туку со 7.

Новина е вака како што е предложено, макар што сите ни беа познати и беа ставени во Кривичниот законик како заштитни мерки. Но, добро со оглед на тоа што предлагачот прави новина покрај системот на казни воведува алтернативни мерки во кои се внесени и некои новини и добро е што овие се издвојуваат од заштитни во мерки на казни, но сепак да има поголема строгост и поголем начин да се дојде до поголема дисциплина и заштита од извршување на кривичното дело.

Сметам дека членот треба да остане вака со додавање на конфискација на имотот.

Исто така, според мене една од најголемите новини која мислам дека ќе вроди со плод е начинот на паричната казна како е предвидена со овој закон тоа е системот на глоби кој мислам дека конечно требаше да се воведе многу порано, но не е доцна ни сега, бидејќи навистина паричната казна се претвори во се друго само не во казна. Ако го земеме искуството и погледнеме што од паричните казни се наплатило ќе видите дека е минимално, вие сигурно сте виделе, тоа е минимален процент така што сите сме убедени дека буквално секој сторител кој ќе направеше кривично дело одеше да биде казнет со парична казна иако може би паричната казна не е така лесна кога некој треба да одвои средства од џебот, меѓутоа, начинот на кој не се р еализираа паричнирте казни на сторителите беше како најлесна

Тоа добро го знам. Ако требаше да бира која казна да ја одбере ќе ја одбереше паричната казна, затоа што беше сигурен дека многу ретко или тешко ќе ја наплати, односно ќе ја изврши. Тука се сега решенијата, членот 38-а каде што се зборува за неплаќање на паричната казна што тоа би значело, односно како би ја извршиле таа казна. Мислам дека е добро решението. Значи во секој случај да се натера сторителот да ја плати казната затоа што ако не ја плати ќе следи членот 38-а каде што таа истата казна може да се замени со казна затвор и тн.

Исто така за внимание е и членот 43-а, ослободување поради компензација на штета, што сметам дека е навистина добро вметнато. Сметам дека овој член е навистина добар затоа што ако успееме да ја компензираме, дека ќе ги намалиме кривичните дела затоа што на крајот на краиштата најмногу последици трпат токму оштетените преку штетата. Која е сатисфакцијата ако некого затвориме, меѓутоа оној које оштетен не ја добие штетата. За него не е некоја сатисфакција само некој да одлежи затвор, туку и како да се надомести штетата.

Овој член нуди можност на сторителот доколку ја надомести таа штета, начинот како што е овде разработено да може да следи некоја поблага казна, дури и ослободување од казна со тоа што можеме многу работи да исправиме. Сепак не станува збор за некои тешки кривични дела, зборувам за оние полесни каде што може на некој начин да се исправат тие работи. Мислам дека ќе даде резултат затоа што и досега доколку имало ваква можност веројатно многу од сторителите ќе ја побарале оваа солуција.

Кај алтернативните мерки, досега во Кривичниот законик постоеја поимите условна осуда и судска опомена и тоа како посебна глава. Искрен да бидам и кога студирам и сега никогаш не ми беше јасно што сака да каже таа глава. Објаснувањето односно ставање на предлогот како алтернативни мерки, веќе самиот наслов кажува што е во предвид, значи не е предвид мерка казна, туку некоја алтернативна мерка која би следела доколку не ја примениме првата.

Навистина е за пофалба што во алтернативните мерки се опфатени оние мерки за кои сме ги имале искуствата од тоа што сме ги виделе во европските земји, сме ја послушале меѓународната заедница преку конвенциите што овде ги потпишуваме, на крајот на краиштата со оглед дека ни е целта да одиме таму каде што цел свет оди, треба да ги примениме и тие мерки. Мислам дека тие не се само паушално, туку сепак е даден и некој резултат. Дозволете ми да ги прочитам затоа што навистина заслужуваат внимание.

Како алтернативни мерки се условната осуда останува, судската условна осуда со заштитен надзор која е некоја новина, макар да имаше и таква, условно одлагање на кривична постапка доста интересна алтернативна мерка, општо корисна работа, судската опомена и куќен затвор.

Во народот, поточно кај граѓаните многу често се слуша куќен притвор. Е ние ќе го крстиме куќен затвор за да не го мешаме притворот, пошто притворот е резервиран за некои ваму од лева страна од овде, така да не меша дека сега секој ќе припадни под некоја категорија на притвор, заклонета во кривичниот закон. Притворот останува и понатаму притвор, сосема е различна категоријата куќен затвор.

Јас би сакал само за новите да кажам пошто другите се веќе и обработени, значи условното одлагање на кривичната постапка, мерка која што преку одлагање на кривичната постапка, преку ставање на еден процес во моментално мирување или соодветно решение од судот кој што на сторителот ќе го опомене дека е кривичната постапка ќе ја одложиме, но доколку не ја повториш или до колку не сториш кривично дело можеме и конечно за тој процес на проверка да не ја ни отпочнеме, односно да ја прекинеме постапката. Тоа е кај полесните кривични дела, значи различно од условниот основ би било нема пресуда, нема осуда, што значи ти давам простор и можност да се поправиш со тоа што нема да бидеш осуден, што е сепак различен од осудата, затоа што нема да биде евидентиран во кривичните санкции. Мислам дека тоа би требало да даде резултат во секоја ситуација, затоа што имаме многу такви ситуации каде што со оваа мерка можеме да дојдеме до основната цел, а тоа е превоспитување и натерување на граѓаните да не вршат кривични дела, особено кај полесните.

Општо корисната работа е ако имаме маса невработени и не можеме да им најдеме работа по ниеден основ, барем по основот општо корисна работа можеме на оние кои што вршат кривични дела. Тоа е добро затоа што не треба само да ги чуваме по затвори, да паднат на државен трошок, туку таа казна да ја заменат со работа, онака како што е предвидено во членот (празнични денови по неколку саати со максимално утврдена граница). Можеби е дискутабилно дали треба толку или волку, меѓутоа ако оценило министерството дека е токму тоа границата пропишана сметам дека во ред затоа што сите податоци ги има за тој дел.

На крајот на краиштата и преку работата човекот го направила да биде различен од животните, токму работата и тоа го направило човечко суштество, па можеме и ние со работа да ги натераме криминалците да станат чесни, односно да не вршат кривини дела.

Куќниот затвор не е притвор.

До казна затвор една година кај стари или изнемоштен, тешко болен, или кај бремена жена, што значи наместо да оди во затвор ќе биде во куќен затвор. Не би требало да излегува од дома, ќе биде под контрола и ќе треба да се јавува во одредено време до оние кои што треба да водат сметка за неговото затворање.

Мислам дека е добро и ова решение, не е непознато во другите европски земји, доста се користи.

Во членот 33 се нуди едно алтернативно решение дали мерките за безбеност како и постапувањето со душевните болни лица да се регулираат со посебен закон. Навистина интересна алтернатива. Јас сум на мислење почитуван министре дека треба со посебен

закон да се регулира, зата што сепак се една посебна категорија. Тој посебен закон сигурно е во ресорот за правда, имате време, простор и можност да го предложите до Собранието да видиме како ќе го прифатат и останастите, но сметам бидејќи се работи за една посебна категорија на сторители може да се предвиди со посебен закон каде што се она што е овде некаде измешано во членовите може да се регулира во еден закон. Тоа е и доградба на правото.

За да не се задржувам повеќе на општиот дел сакам да потенцирам дека вакви измени има и во посебниот дел на кривичното право, поточно на кривичните дела каде што согласно на развојот на времето во кое што живееме, што е нормално да се појавуваат и нови деликти, па според тоа и нови санкции. Тоа добро да се следи, дури и добро да се предвидува што се може на криминалците да им падне на памет и добро е да се утврдуваат членови толку јасни и прецизни за да не ни се случува она што ни се случува, одредени категории да ги подврстуваме дека се криминални, дека се терористички. Во оваа разработка гледам дека има дефинирано што е терористичка организација, што е тоа кривично дело и кого на крајот на краиштата, според елементите можеме да го оквалификуваме како терорист или кого како криминалец. Инаку цело време ќе бидеме во некоја нејаснотија, како што и сега ни се случува во Република Македонија, те има криминални групи, те има терористички групи, те се криминално терористички и тн. Затоа добро е да се регулира прецизно, како што впрочем се прави обид во овој закон, да знаеме кој што се прави и врз основа на тоа да го казниме.

Многу членови се потрошени во санкционирањето на семејното насилство. Тоа е и обврска од Конвенциите, можеби е новина, затоа што за некои граѓани многу работи се нормални, а сега се семејно наследство и тоа треба да го прифатиме. Кривични дела против животна средина и тн. и тн., не би ги читал сите, во основа сите се добри.

На крајот би се задржал на една алтернативна мерка која овде се нуди, а тоа е во членот 380, членот 381 и членот 381-а каде што повторно се воспоставува кривичното дело надрописарство. Сега ќе кажам како претставник на граѓаните, па и на адвокатите дека јас сум повеќе за алтернативното решение. Тоа вели тој што за паричен надоместок дава правна помош на граѓани, правни лица а не е адвокат ќе се казни со тоа и тоа. Мислам дека навистина треба да се вкалкулира ова. Јас од она што го знам, од она што сум го наслушнал од ресорот правда мислам дека имате сериозен пристап и кон регулирање на таа област односно адвокатурата, секате да донесете еден нов закон кој што во тој дел ќе ги расчисти сите дилеми. На крајот на краиштата ќе ја изгради адвокатурата и онаму кад ешто и е местото согласно Уставот како единствена јавна служба која дава правна помош. Ако е единствена треба да ги регулираме конкретно и

прецисно сите правни обврски што ги имаат, ама и да ги заштитиме, а за тоа како ќе ги заштитиме, затоа што е факт дека во Република Македонија секој втор граѓанин е адвокат на некој начин,затоа што скоро сите имаат како прво можност да бранат одредена позиција а од друга страна да даваат правна помош. Каква е таа правна помош сведоци се многу граѓаните, затоа што 90% е неквалитетна, па се случува судовите да ни бидат оптеретени со разно разни тужби кои што ги напишале дури и на рака, затоа што некој отворил агенција па дава правна помош и тн.

Мислам дека увидовме и со тоа што го укинавме тоа кривично дело дека повторно порасна тој начин на работа адвокатите да се заобиколуваат. Со воведувањето на овој член мислам дека на некој начин ќе се стави регулатива, затоа што не е едноставно оној кој што се занимава со непрофисионално со давање правна помош на секој начин да му биде запретено со казна затвор или парична казна.

Тоа е она што имав да кажам, а јас и на Комисијата нешто кажав. Криумчарење на емигранти како посебен вид. Во секој случај еден добар текст, добар предлог за донесување на закон. Не гледам дилеми, не гледам причина да не се усвои и мислам дека е овој вистински закон кој се носи со двотретинско мнозинство а јас според мојата дискусија можете да оцените дека јас лично и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржиме овој закон.

На крајот само еден предлог до вас. Со оглед дека не верувам ќе има некои посериозни забелешки на текстот, не верувам дека ќе има некои новини или упатства ќе можете Предлогот на законот да го пуштите што побрзо за да влезе во процесот на примена и ваков каков што е да даде подобри резултати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

По однос на Предлогот за изменување на Кривичниот законик би го кажал следното:

Се она што е добро сметам дека нема потреба да го фалиме, бидејќи тоа е дожност на предлагачот да предложи квалитетни закони, но јас би сакал да дадам свој придонес за она што сметам дека треба поинаку да биде регулирано.

Со овој закон е направен обид да се подобри нашето кривично законодавство и да дојде поблиску до европското, со тао што една од главните новини е што се воведува кривична одговорност и на правните лица.

Другото е подобрување на постојниот Кривичен законик.

Моите забелешки што се дадени како измени на постојниот кривичен закон се Предлогот во членот 12 каде што членот 33 од Законот се менува и гласи во однос на предложените казни или казнената политика.

Се предлагаат 6 видови на казни, што сметам дека не можат да бидат како сите како главни казни. Сепак треба да стои дека главни казни или основни казни се казната затвор или паричната казна, додека другите предложени казни и во предложениот текст, во нивната примена се гледа дека се споредни казни и мислам дека треба така да стои.

Како и досега и во овој предлог останува да може извршителот на кривично дело да биде казнет кумулативно и тоа со казна затвор и парична казна за исто кривично дело, што сметам дека со овој предлог за изменување и дополнување на Кривичниот законик предлагачот малку повеќе да обрне внимание, бидејќи јас сметам дека не може за едно кривично дело еден сторител да биде казнет со казна затвор и парична казна и сметам дека е доволно една од тие казни да биде предвидена во законот.

Исто така имајќи го во предвид решението за паричната казна кое што доколку сторителот на некое кривично дело кој што ќе биде казнет со парична казна и доколку неможе д се изврши нивната судбина е таа парична казна да ја изврши со казна затвор. Аналогно на тоа произлегува за сторено кривично дело да бидеш казнет со казн затвор и парична казна а паричната казна пак да биде преведена во казна затвор и затоа сметам дека е излишно тоа да стои во кривичното законодавство. При предлагањето треба малку подобро да се размисли и опстои на ваквото нешто дали е потребно за едно кривично дело да постојат две казни, а како споредна казна сметам дека е корисно и потребно и споредните казни да се разликуваат од основните казни.

Тоа е едната од моите забелешки што би предложил при предлагањето на Предлогот за донесување на законот предлагачот да ги има предвид.

Друга забелешка е каде што се прави измената на членот 38 во утврдувањето на паричната казна. Малку ме чуди и не можам да ја сватам суштината на овој предлог кога паричната казна е предвидено да се изречува во некои дневни глоби, а не знам од кои причини е тоа. Предвидено е и дека парична казна може да биде во најголема висина од 36 дневни глоби. Дневната глоба се утврдува вредносно од најмала дневна глоба да изнесува едно евро, а најголемата 5 илјади евра. Сето ова повеќе ми личи дека се создава една тешкотија и забуна во судството при самото утврдување и изречување на овие парични казни.

Сметам дека паричната казна, како што беше во досегашното кривично законодавство е добро регулирана и треба да остане така. Да има минимум и максимум

во кои рамки треба да се изречува таа парична казна и не е потребно судијата да ја утврди во некои дневни глоби, па да ја утврдува дневната глоба во барање од банки, од Министерството за финансии за тоа колкава е вредноста на еврото и да дојде до нешто. Самото тоа прави една конфузија, една тешкотија во изречувањето и во утврдувањето на таквите парични казни.

Затоа, предлагам предлагачот да ја врати паричната казна, како што беше во досегашниот Кривичен закон, кој е на сила, со тоа што да има предвидено најниска и највисока парична казна, со тоа што може да се допушти, доколку предвидуваме да има било каква инфлација, да биде регулирана по висина на евро, а да се наплаќа во денари. Исто така, по овој вид на казна кој се предвидува во дневни глоби, е во коализија со предвидената парична казна во членот 96-а, каде што се предвидуваат парични казни за правните лица и таму е предвидено во денари. Сметам дека не може во еден закон за ист вид во казни, парижна казна на едно место да стои пресметување во дневни глоби, а во другото да е во денари. Затоа, сметам дека треба предлагачот да ја усогласи и да има ист вид на казна, како за физички, така и за правни лица. Таа е другата поважна моја забелешка во овој Предлог на закон.

Исто така, би сакал да укажам и по однос на предвидените казни кај правните лица, каде што се предвидуваат три вида на казни. Тоа е парична казна, привремена или трајна забрана за вршење на дејност и ликвидација на правните лица.

Сакам да укажам дека третиот вид на казна, ликвидација на правното лице е непопуларна за мене и непотребна и веројатно ќе предизвика некои други реперкусии при однос на ликвидирањето на правното лице, кога ќе му биде изречена таква казна. Пак ќе треба, судот, државата да ги сноси трошоците за неговата ликвидација бидејќи втората казна по точка 2 привремена или трајна забрана за вршење на дејност го апсорбира и тој трет вид на казна, ликвидација на правното лице, доколку биде изречена казна, трајна забрана за вршење на дејност, тогаш ќе остане само имателот, сопственикот на тоа трговско друштво, правно лице, тој да му најде начин за неговата ликвидација. Во тој дел би сакал предлагачот да поразмисли дали таквата казна има оправдување или нема оправдување. Јас би имал толку така во покрупни забелешки, за кои сметам дека треба малку повеќе да се размисли. Исто така, би предложил на предлагачот при поднесувањето на Предлог за донесување на законот, да има предвид, бидејќи овој закон има огромен број на измени преку 200 или незнам колку члена, да предложи да се направи пречистен текст, така што Кривичниот законик да биде, сепак, во една целина полесно употреблив и полесно применлив во практичниот живот. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам потпретседателке.

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, колеги пратеници,

Иако Кривичниот законик е донесен во 1996 година со измените и дополнувањата заклучно со 2003 година, што значи не така одамна, бурните односи во општеството, особено проширената појава во извршување на различни видови на кривични дела, ја наметна неопходноста од подлабоки и суштински реформи во оваа сфера. Затоа, измените и дополнувањата на Кривичниот законик, не само што претставува општествен императив, туку заострувањето на кривичните санкции мислам дека најмногу ќе ги поздрават граѓаните, кои пак покажуваат отвореност, спротивставување со многу негативни појави во општеството. Во услови на функционирање на правната држава и во услови на ефикасни институции на системот, во тој дел, завршувајќи со третата, судската власт, ваквите понудени решенија во предлогот, мислам дека во голема мерка ќе придонесат за подигањето на моралните вредности во општеството што бездруго претставува наша основна цел. Зошто ова го истакнувам? Кривичниот законик или ако сакате кривичното право во целина е едно од средствата со кое општеството се спротивставува на криминалитетот како на негативна појава, која го загрозува правниот поредок на државата.

Поддршката што ја давам на вака предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик понудени од Владата односно од Министерството за правда, се од причини што во нив ги препознавам следните одредници и постулати. За положбата на !овекот во правниот поредок и за заштитата на неговите граѓански слободи и права, од најголемо значење е односот на човекот и државата. Или попрецизно, слободата на човекот од една и правото на државата да сакнционира од друга страна. Тоа се прашања од комплексот на поврзаноста на слободите и законот и на правото на политиката во целина. Односот помеѓу овие две правно-политички категории имаат посебно значење кога треба да се дефинира односот на законот и индивидуата, кога по третманот на законот се зема човекот, по своето однесување не го соорбразил со слободите и правата на другите граѓани, туку ја нарушил рамнотежата на општеството. Тоа значи дека слободата не е само создадена придобивка на природата, тоа значи дека слободата е придобивка на цивилизациските развој, а творба на тој развој е еднаква слобода на сите и во тие рамки законито решавање на конфликтот меѓу слободите на индивидуата и

општеството. Демократските правни системи, значи нашиот, излезното решение од настанатиот конфликт го наоѓаат во владеењето на правото, но овој пат како гаранција на слободата на граѓаните. Пренесено во институционална смисла и во духот на предложените измени, елементарни предуслови за гарантирање на слободите на граѓаните мораат да бидат, прво, ставање на човекот под законот како негова есенцијална сила за заштита од секаква моќ. Второ, определување на границите и инструментите при засегањето на тие слободи и права а човекот. Тоа пак значи спречување на било каква инструментализација и концентрација на моќ и тоа на било која идеологија во општеството. Овие основни одредници мораат да бидат темел на нашиот кривично правен поредок. Овде и од министерот и од повеќето колеги беа образложени оценките за состојбите, причините и целите на законот. Јас во нив не би завлегувал целосно, бидејќи образложив дека тие низ наведените одредници веќе се постигнати, туку би издвоил два позначајни сегменти од предлогот.

Првиот, криминалитетот во економската сфера, во која рековме сите заедно спаѓаат корупцијата, перењето на пари, криумчарењето, берзанските измени и трансакции и тн. Во таа смисла тешко е да се сфати дали не е кривично дело ветувањето на работници акционери дека ќе бидат вработени нивни синови или ќерки под услов тие да ги пренесат во сопственост акциите на својот највисок претпоставен директор. Тоа не само што е корупција, туку истовремено и измама, зашто дотичниот директор на крајот на трансакцијата, се разбира, нема да вработи ниту еден од потомците на акционерот или тоа ќе го направи со договор за дело. Или што е, ако не е кривично дело, ако некој со берзанска измама веројатно перење на пари с естекне во сопственост со акции во противвредност од еден ипол до два милиони евра односно со 1/4 од сега една од најсолидните фабрики во државата. Уште повеќе што ваквите трансакции би се докажале или се докажани во граѓанска парница, со правосилна судска одлука во трет степен. Значи, незаконитоста и притисоците се докажани со правосилна и кончна пресуда на Врховниот суд на Република Македонија. Примерот го истакнувам, затоа што е мошне илустративен. Станува збор за неосновани збогатувања на луѓе кои главно и не ни имале некаков имот во минатите години, туку сега преку ноќ станаа капиталисти од прв ранг. Вакви примери, секако, дека препозанвате низ државата секаде. Затоа, покрај потребата од ефикасност на институциите, на системот од една, како и инстритутот на примената на поповолниот закон за сторителот, сегашните предложени мерки за ваквите кривични дела мислам дека ќе имат и превентивно влијание на потенцијалните сторители на кривичните дела.

Барајќи ги основите за некои од новиот вид на кривични дела и квалификации, како и основите за заострувањето на кривичните санкции, апсолутно се сложувам со наведените од домашниот правен поредок, како и со вградените одредби од меѓународните норми, вклучувајќи ја и Конвенцијата од Палермо. Но, мислам дека понудените измени и дополнувања на законот длабоко се втемелени во определбите на еден од најзначајните документи во оваа сфера, а тоа е Казнената конвенција на Советот на Европа за корупција. Ваквата втемеленост ја препознавам, бидејќи оваа казнена конвенција за корупција е најоперативниот документ дефинитивно за ваквиот вид на кривични дела, со дирекни одредби за комплексот на кривичните дела во делот на корупцијата.

Од тука, по контексот на се што досега изнесов, предвидени се определбите за донесвуање мерки за активната и пасивната корупција во јавната администрација, но и во приватниот сектор. Точно се утврдува дека на пример во приватниот сектор да речеме, активна корупција е секогаш кога делото е сторено намерно со ветување или давање, директно или индиректно и кога е спечалена незаслужена имотна корист. Тоа, нормално, подлежи на остри репресивни мерки од страна на општеството, затоа како што реков, тоа ја нарушува неговата равнотежа и ги разнишува неговите темели. Само да потсетам, оваа казнена конвенција е ратификувана и од страна на нашата држава.

Затоа, нужно следуваат заострените казнени мерки за криминалните приноси на кривичните дела од делот на корупцијата, одговорноста и на правните лица, како и предлагањето на конфискацијата за ваквите и за другите кривични дела. Овој институт, конфискацијата, мислам дека доаѓа во вистинско време, затоа што е поефикасен во репресивна и превентивна смисла, отколку досегашните одредби за одземање на ствари и пленидба на ствари. Поради овие причини, уште на почетокот реков дека сите овие одредби односно Законот за измените и дополнувањата на Кривичниот закони, ќе наидат на широка поддршка, кај граѓаните, кај младите луѓе, чесните домаќини и тн.

На крајот, мислам дека овој закон ќе имплицира, како што кажа и министерот,нужни измени на повеќе законски прописи во оваа област. Како што се спомна Законот за кривичната постапка, мислам на Законот за извршувањето на санкции, на дел на Законот за прекршоци и тн. Но, според мене, измените и дополнувањата треба да ги претрпи и Законот за помилување. Зошто заговарам промен на Законот за помилување. Имено, со донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик, никој не е изземен од кривичната одговорност во постапка утврдена со закон, вклучувајќи ги тука и највисоките функционери во државата. Значи, овој закон се обидува и има за цел да елиминира било каква концентрација на моќ. Од тука, согласно овие одредници таква

концентрација и можност за злоупотреба на својата моќ, не треба да се дозволи на никого, вклучувајќи го и претседателот на државата. Дотолку повеќе што Република Македонија е политички систем со парламентарна демократија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме еден текст на Предлог-закон за измена и дополнување на Кривичниот законик, еден, по мене, исклучително важен закон, закон кој претендира да се воспостави токму на нашите простори во смисла, а тоа го кажуваат и причините, од кои причини се донесува законот, да ги оствари сите цели на едно современо демократско општество.

Малку би кажал околу причините, кои навистина се потребни околу донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик. Тоа го кажаа и моите колеги.

Прво, да не тргнуваме секогаш од кривичните санкции. По мене, најбитната причина е превентивата. Со самата превентива, со спречувањето на извршувањето на кривичните дела, меѓутоа и со сите оние новини, кои овој закон ги донесува, мислам дека ќе се оствари еден поголем систем на превентивно однесување на сите потенцијални исвршители на кривичното дело.

Втората потреба, што по мене, навистина, произлегува, тоа се појавата на новите облици на криминалот и нашето чувство, пред се, во законодавниот дом да ги согледаме тие нови појави, облици на криминал и соодветно да дејствуваме преку донесувањето токму на ваквиот Кривичен законик.

Третата причина, што исто така е многу битна, тоа е појавата на организираниот криминал, која не е присутна само во Република Македонија, туку можам да кажам и многу пошироко во нашето соседство на Балканот и доколку не се справиме со ваква организираниот криминал, мислам дека и како општество, но и како држава, многу ќе загубиме. Исто така, потребата од заострувањето на казнената политика, поготово во сферата со појавата во борбата на новите облици на криминалот.

Конечно петтата потреба од донесувањето на Кривичниот законик се гледа во интеграцијата на европските текови.

Околу новините, многу мои колеги овде изнесоа навистина многу позитивности и јас би сакал да го пофалам предлагачот, бидејќи се потрудил, иако по обем е доста голем закон, измена на законот од 201 член, меѓутоа, навистина се потрудил да воспостави такви новини, кои многу ретко можам да кажам во овој законодавен дом досега сме ги виделе.

Пред се, би почнал редоследно. Воведувањето на алтернативните мерки, а тоа се, покрај условната осуда со заштитниот надзор и судската опомена, се појават и како условно одлагање на кривичната постапка, по мене, навистина претставува една вистинска и многу квалитетна новина. Имено, извршителот на кривичното дело му се дава рок на проверка, во кој рок, доколку сторителот на кривичното дело не го повтори кривичното дело или едноставно ги исполни оние услови на проверување, постапката едноставно ќе се запре и тоа во фаза откако ќе биде извршен негов распит и распит на сведоците. Значи, се дава една нова можност таа постапка да не продолжи и да не се санкционира.

Втората новина е општо корисната работа предвидена по член 58-б од новиот кривичен закони, од Предлогот за измена и дополнување, каде што се предлага од 40 до 240 часа во државната установа, јавното претпријатие и тн, лицето да работи. Ова е една голема можност за негова ресоцијализација, што значи дека законодавецот во овој случај мислел многу позитивно. Значи, целта сама по себе да не биде сакнционирањето, туку давањето на можност самото лице да се ресоцијализира. По мене, тоа е навистина една голема и убава новина. Исто како и третата новина, а тоа е куќниот затвор. Тоа е член 59-а, што овде се предвидува за оние кривични дела каде е предвидена казна затвор до една година, меѓутоа, потребно е да се исполнат кумулативно уште два услови. Едниот е за тоа што станува збор за стари и изнемоштени лица, за болни лица, бремени жени и тн., што мислам дека е една хумана работа. Втора работа е и затоа веројатно во последниот член законодавецот добро размислувал оваа мерка да се примени од 1 јули 2004 година ако законот се донесе осум дена по објавувањето во службениот весник. А, тоа е поради потребата веројатно технички да се изнајдат можности, тоа лице едноставно да може да биде на проверка.

Новина што досега моите колеги не ја кажаа, а мислам дека заслужува внимание тоа е новиот член 27-а, а тоа е одговорност и за увозник или дистрибутер на средства за јавна комуникација. Досега морам да кажам дека во практиката многу мала беше застапеноста на овој вид на одговорност, меѓутоа овде станува збор за одговорност и за увозникот или дистрибутерот на средствата за јавна комуникација, а кој може да предизвика понатаму ненадоместливи штетни последици.

Членот 10 од Предлогот на законот зборува за одговорност за правно лице. Овде е новината, ликвидација на правното лице. Овде повеќе не би се задржувал, бидејки мислам дека беше опфатено во дел од дискусиите. И новината е што сега мерките за безбедност фактички станувaат казни, значи протерување на странец од земја, забрана за управување со моторно возило и сите оние мерки кои се предвидени и во досегашниот кривичен законик.

Членот 13 зборува за издржување на казна во отворена установа на сите лица кои се осудени до 3 години казна затвор. Уште една новина, многу квалитетна, многу позитивна, бидејки да не заборавиме, постојат лица кои вршат кривични дела, а кои немаат врска да кажеме со оној класичен криминал. На пример тешки сообраќајни несреќи, не често пати сме присутни дека осудуваат посебно ако има смртни последици на повисоки казни затвор и не е во ред таквите лица да ја издржуваат казната со сите оние лица кои се да кажеме опфатени со друг вид на криминал.

Новина е и тоа по мене многу позитивна и квалитетна е и членот 16, а тоа се однесува за паричната казна каде што сега гледаме еден нов вид на казнувања, а тоа е во однос на нивните глоби при што се предвидува минимум казна да биде 5, а максимум 360 дневни глоби при што минимална казна дневна би била од едно евро, а би се движела до 5 илјади евра. На овој начин ја врзуваме и валутата и одговорноста, но и ја зголемуваме паричната казна како ефект при изрекувањето на соодветната мерка. Не често пати знаеме во праксата дека луѓето можеби некои казни и полесно ги поднесуваат отколку паричната казна. Мислам дека со оваа одредба го враќаме достоинството на самата парична казна , особено што е изразено во евра. Притоа се нуди и алтернативна, исто би сакал да ја пофалам, а та е дека за секој ден доколку лицето не сака да ја плати, може да издржи еден ден казна затвор при што му се пресметува 20 евра за еден ден. Новината тука е што затворот не смее да трае подолго од 6 месеци  при ваков вид на казни. И конечно што мислам дека е таму предвидено во една одредба, дека рокот за плаќање на паричната казна е од 15 дена до 3 месци. Да ви кажам конкретно низ практиката ние знаевме често пати тој рок да се пролонгира, да се донесе потврда како семејно или од Министерството за финансии имотно е осиромашен човекот па не може да ја плати казната. Овде стрикно се предвидува и рокот до кога треба да се плати таквата казна.

Новина е и члернот 96-д од Законот , а тоа е конфискација на имот и имотна корист наместо досегашното пленување . Мислам дека ова ќе има главен ефект. И она што по членот 43 се додава нов член 43-а, а тоа е ослободување поради компензација на штета. Една навистина  многу квалитетна новина. Се гледа навистина дека се следат европските

текови во кривичното законодавство преку воведување на членот 68 точка 17, посебно на тоа потенцирам , тоа е во поглед на семејното наследство при што се следи и Законот за семејство каде што брачната и вонбрачната заедница се ставаат во знак на равенство што значи дека овој член оваа одредба од овој Закон се однесува и на таа категорија на лица. Можеби предизвикува навистина едно рапидно зголемување на казна, меѓутоа истата јас ја подржувам во членот 113 каде што се зборува за кривични дела против животната средина и природата. Имено, наместо досегашната казна по овој вид на кривични дела од 1 до 5 години, сега се предлага казна ефективна казна на затвор од 4 до 10 години. Ова е една одредба која на многу наши одговорни лица навистина да ги замисли, посебно после последните еколошки катастрофи, а особено што и оваа Влада и сите ние сигурно сакаме Македонија да ја направиме навистина една здрава еколошка средина. Мислам дека добра е препораката на законодавецот околу тој вид на казни. Тука се членот 140 околу перењето на пари и други приноси. Од казнените дела исто така рапидно зголемување на казна од 1 до 10 години, членот 175 каде што по членот 368 се додава нов член 368-а, а тоа е незаконито влијание врз сведоци. Сега да не испадне толку многу да го фалиме законикот, би сакал да ги кажам моите лични видувања по овој закон со конкретни предлози да ги дадам.

Ако веќе ја воведуваме оваа новина незаконито влијание врз сведоци да се санкционира, предлагам на предлагачот да поразмисли да воведе категорија на заштитен сведок. Тоа е она што му недостасува на овој кривичен законик. Се наметнува потребата од воведување на категорија на заштитен сведок поради сторување на многу тешки кривични дела и верувајте дека во борбата против криминалот, а пред се против организираниот криминал тука би постигнале навистина големи ефекти.

Околу надриписарството зборуваа моите колеги. Јa подржувам втората алтернатива од член 187.

Втор предлог што сакам лично исто така од мене да произлезе е во членот 191. 400-б се воведува нов член каде зборува за злоупотреба на хемиско и биолошко оружје. Законодавецот во овој член не предвидел уште една работа, а тоа е недостасува пренос на радиоактивно оружје, или материи. Верувајте, ниту еден организиран криминал во денешницава не е поопасен отколку овој вид на криминал. Немојте да мислите дека Македонија, или Балканот бил изземен од ваков потенцијален вид на опасност. Една одредба која исто так аја предлагам на законодавецот, која не е влезена во овој законик е по стариот Кривичен законик членот 252, а тоа е навлегување во компјутерски систем. Оваа новина кај нас беше воведена со носењето на Кривичниот законик во 1996 година, меѓутоа техниката и развојот на компјутерскиот систем отидоа до невидени размери што

верувајте ваков тип на кривични дела денеска не само што се практикува, туку и многу е модерно дури да се работи. Современиот криминал мислам дека на овој тип на овој начин посветува исклучително многу внимание. Затоа предлагам членот 251 односно тој што неовластено ќе внесе , измени, или избрише компјутерски програми, или ќе навлезе во компјутерски систем ставот 2 при што ќе настапат поголеми штетни последици, или имотна корист од поголем обем, казната тука да биде минимум да се утврди долната граница од 3 години. Предлагам по истиот член ставот 3 да се брише ,односно гонењето да се презема по службена должност, а не по предлог. Паралелно зборуваа некои колеги и вчера и денеска покрај овие измени веднаш треба по мене, за да ги следат и овој Кривичен законик да биде во функција да се пристапи кон измените на Законот за кривичната постапка, бидејќи ако имаме еден модерен, современ кривичен законик кој опфаќа навистина многу кривични дела современи да кажам, или кои се во духот на европското законодавство, Законот за кривична постапка мислам дека во најитен можен рок треба да се пристапи кон негово изменување и дополнување. Исто така и Законот за извршување на кривични санкции, бидејќи ќе се доведеме во ситуација да имаме нови казни, и одредби содржани во овој кривичен законик, а законот за извршување на кривичните санкции да биде постар, веднаш ќе дојдеме до една да кажеме нерамноправна ситуација. Многу ми се допадна интересен е предлогот на господинот Каме Петров околу законот за помилување. Мислам дека и тоа би било во духот на овие измени.

Сега сосема на крај би кажал, тоа е размислување, не мора да се прифати, колегата Манев предложи пречистен текст. Пречистен текст го предлага и предлагачот во членот 200 од измените и дополнувањата. Моја идеја е да се размисли дали ни е време да се донесе нов кривичен законик, бидејќи имаме веќе досега 3 измени. Ова го кажувам од практични причини. Сега во конкретен случај може да се доведе судија во било кој степен на судството да се повика дури на 4 измени на кривичниот законик. Мислам дека е многу покорисно да се донесе сосема нов кривичен законик отколку да се направи пречистен текст.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

второ, Владата на  Република Македонија  ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на  Република Македонија  .

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на  Република Македонија  да се доставaт до Владата на  Република Македонија  и до Министерството за правда.

Пред да го предложам овој заклучок да го гласаме, јас само би замолила сите присутни пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Можат да помогнат и службите да ги информираат пратениците што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да обезбедиме кворум за гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предложениот заклучок го ставам на гласање?

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 56 пратеници од присутни 61 пратеник, за гласале 53 пратеници, воздржани 3. И ниеден против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 13 - Предлго за донесување на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор господин Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитувана потпретседателке на Парламентот, почитувани претставници на Влада, дами и господа пратеници. Денес пред нас имаме Предлог за донесување на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти кој што во принцип ние го подржуваме и добро е да се донесе ваков закон, на законски начин да се направи определување на имиња на улици, плоштади, мостови и

други инфраструктурни објекти, бидејки досега ова се решавало преку одлуки на општински совети. И мислиме дека со донесување на ваков закон и во оваа област ќе се регулира оваа состојба. Меѓутоа, што се однесува до овој закон, јас сум споменал неколку мои забелешки и во Комисијата за транспорт и врски каде што и помина овој закон. Сега би сакал да споменам некои забелешки бидејки ова е прва фаза на донесување на овој закон претставниците на Министерството, односно Министерството за транспорт и врски ќе ги има во предвид овие наши забелешки и истите во иднина во втората фаза ќе ги инкорпорира во дадениот закон.

Една од моите забелешки што сум ја дал и во Комисијата се однесува и на членот 5, во кој се предлага имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти да се одредуваат од општинскиот совет, тој да составува одредени листи, што според мое мислење е в ред и на овој начин треба да се направи одредување на сите имиња. Меѓутоа, во алинеја 2 на овој член се одредува исто така дека овие листи треба да се испратат до Владата на Република Македонија и Владата на Република Македонија да даде мислење за овие листи. По мое мислење, ова не треба да се случи, бидејќи самите општински советници се избрани во таа област, во тие општини и тие имаат овластување, односно имаат мандат од самите граѓани и сами треба да одлучат за имињата на улиците и другите инфраструктурни објекти. Јас мислам дека не треба со ваквите имиња да се занимава и Владата на Република Македонија, односно таа да донесува одлука за името на некоја општина, како што е Општина Теарце, Џепчиште, Виница, или било која друга, бидејќи ваков мандат имаат самите општински советници.

Исто така, јас имам друга забелешка и кај членот 6 и по мое мислење, овој член не треба да постои, затоа што за избирање и определување имиња има процедура и постапка како тоа се прави кај општинскиот совет, каде што стои, во членот 6, за оштетување, за нарушување на изгледот на Република Македонија, односно за иритација на една заедница кон друга заедница за определување на имиња на улици, мостови и други инфраструктурни објекти.

Ако останува овој член, јас мислам дека ефектите од овој член, по мое мислење, ќе донесат многу проблеми во определувањето на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, затоа што секое име што ќе се предложи од една заедница, кое име за таа заедница е легитимно, ќе ја иритира другата заедница. Затоа, добро е овој член да се избрише и ова да се реши преку постапка за определување и именување на улиците во општинскиот совет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги,

Денес Владата на Република Македонија односно Министерството за транспорт и врски пред Собранието го стави предлогот за донесување на закон за доделување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти. Како можеме да констатираме, без ваков закон, тоа беше истакнато и во претходната дискусија, општините и Градот Скопје не можеа да ја извршуваат својата надлежност во поглед на определување на имињата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, што ја имаа во надлежност со Законот за локална самоуправа. Познато е решението на Уставниот суд за поништување на поединечни одлуки, со кое во меѓувреме се вршеше именување или изменување на одредени улици и објекти, честопати дури и од дневно политички пристапи и цели. Сето тоа создаде, во одредени средини, состојби на паралелна употреба на старите и новите имиња и адреси внесени како податоци на граѓаните во личните документи, што не одговара на евиденцијата што ја вршат државните органи.

Од тие причини, сметам дека пред нас имаме предлог за донесување на закон, за кој можеме да претпоставиме уште еднаш дека многу едноставно, брзо и без силни расправи ќе дадеме виза за негово донесување. Меѓутоа, доколку уште сега во оваа прва фаза не обрнеме поголемо внимание на некои сериозни прашања, неговата практична имплементација ќе создава проблем.

Сакам да го свртам вниманието на членот 5 и 6 што пред малку беа коментирани. Овие два члена во голема мера го регулираат прашањето на именувањето на улиците и објектите, но сметам дека сеуште создаваат доста простор за манипулација заради глобалната поставеност на овој член. Во многу средини, како што претходно реков, беа присутни настојувањата за изменување на имињата на улиците од дневно политичката состојба, во зависност од составот на советите на локалната самоуправа. Сето тоа доста силно го бранувaше јавното и политичкото мислење, на некои места дури и со изразени револти.

Оттука, мојата порака е во потребата да ги доразработиме овие два член 5 и 6 во наредната фаза на изработка на овој закон. Точно е дека листата на имињата ќе ја утврдува советот во согласност со Владата на Република Македонија. Но за мене е битно и побитно кој ќе ја изработува, а не кој ќе ја утврдува и предлага таа листа. Постојат сериозни стандарди, проверени и кај нас и во светот, постојат голем број научни

институции и трудови, научни работници и институции кои даваат придонес за оваа проблематика. Не велам дека е препорачливо, туку сметам дека треба да биде задолжително, при изработка на листите на имиња од страна на советите, да се користи и тоа значајно научно богатство. Најголем број од особеностите за кои зборувам, за имињата, а кои можат да се следат од најстарите времиња, а и во последниве 50-тина години, иако не се непознати, полека преминуваат во областа на народната култура и традиција и тие најмногу опстојуваат. Современата состојба пак при именувањата покажува некои други тенденции и карактеристики. Независно од пребогатиот дијапазон на имиња, значења и пораки, познати во историскиот ономастикон, во последните 50-тина години се забележуваат редица тенденции и слоеви кои како да се наложуваат врз традицијата полека ја истиснуваат. Имињата на улиците, мостовите, плоштадите и другите инфраструктурни објекти низ историјата биле именувани и преименувани честопати. Тоа е позната пракса и на нашите простори. Тоа секогаш биле значајни настани за луѓето, за граѓаните што живеат на овие простори. Тоа често биле и целосни ритуали, за кои се плетеле дури и преданија и прикаски, тие станувале составен дел на нивниот живот, пријатни, ако сакате некогаш и непријатни. Често се среќаваме и со именувања наметнати од дневната политика, од силата на значајни моќници, дури и режими. Се среќаваме и со имиња кои се поврзани со одредени области, места, наслеби и слично. Се среќаваме и со туѓи странски научни и други значајни личности и судбината на сите тие именувања е најразлична, од оние со трајна вредност, до топонимија која била брзо заборавена и неопстојувала на времето. На пример, никој не можел и не можел да го промени името на Радин мост и никој моќник не може тоа да го направи и сега. Радин мост за сите времиња ќе биде Радин мост. Никој не може да го промени името на Билјанини извори во Охрид, тие своето име трајно го сочуваа во народната традиција опеана во песни. Никој не може - малку на страна ќе тргнам - да му го одземе правото на скопјани од минатото да ја именуваат реката Вардар по името на заповедникот на Скопје Варда кој прв го канализирал и ги спасил од поплави. Но, најнеиздржливи и најмалку опстојувале оние имиња што биле резултат на нешто што народот не го чувствувал за свое, нешто што му било би рекол наметнато. Не дај Боже, Плоштадот "Македонија" во Скопје да добие уште некое друго име, покрај сите оние дуѓи режимски имиња што ги носи. Но секогаш таквите имиња не опстојуваат. Именувањата на улици или на други објекти со политички личности треба да биде нма историска дистанца. Не би било упатно сега некоја улица во Република Македонија веднаш да го добие името на некаков си сегашенм актуелен или утрешен актуелен политичар на политичка партија. Ваква пракса

веќе деновиве гледаме во седна Република Србија. Мислам дека таквите работи се веќе неприфатливи.

Друг слој именувања биле оние што во определен период или како тренд се појавуваат, позајмуваат или создаваат, за да опстојуваат извесен период и да се загубат неповратно набрзо потоа. Се среќаваме, како што реков, и со странски имиња на личности, истлориски и научни работници, кои се серизони прифатени за современиот свет, независно од тоа што не се наши. Никогаш нема да згасне улица што го носи името Никола Тесла и на него слични, кои ја задолжија цивилизацијата со своите отркитија.

Од сите тие причини, сметам дека во конечната верзија на текстот на овој закон треба да се најде обврската, списоците на имињата што ќе ги утврдуваат советите на локалната самоуправа, да резултираат на неучна основа. За мене е многу помалку битно она што рековме “во согласност со Владата на Република Македонија”, на научна основа велам, со која изобилно располагаме и на тој начин тој широк потенцијал треба да се искористи, да се вклучуваат во изработката на тие списоци, постојната практика која во Република Македонија ја имаме.

Друго прашање за кое не да се изјаснам, туку да го поставам како дилема е двојазичното одбележување, ако е тоа обврска која ја ставаме во законот, а е обврска за оние средини каде заедниците се над 20% можеби е добро, доста добро да се прецизира, нормално, второто одбележување е и јазично и со писмото, да не го измени значењето на самото име, бидејќи тоа како такво ќе биде утврдено таму каде што ќе биде донесено, всушност во самите совети. Ако името е официјално утврдено онака како што е утврдено, да не дојде до преименвуање, односно до менување на неговото значење.

Забележлива е и определбата да не се вршат именувања на улици за време на избори во државата. Па, како ни течат нам изборните циклуси скоро секоја година, се поставува прашањето дали е тоа најдобра прифатлива фаријанта. Можеби би било добро да се одреди некој друг временски термин кој би бил пооптимален. Брзите, чести измени на имињата е сериозен и материјален и технички проблем за граѓаните.

Добро е што во законот предлагачот водел сметка и за одредување на некој начин на белези и на дивоградбите. Ние мора да живееме со времето и со праксата. Иако генерално сме против дивоградби, таму живеат луѓе, таму живеат семејства, таму се создаваат одредени дејанијас и добро би било тие дивоградби да носат некои белези, не улици, туку како што е кажано броеви.

На крајот, би сакал да кажам уште едно мислење. Мислам дека овој закон требаше да се најде и пред Комисијата за култура, не како надлежна, туку како заинтересирана која што можеше да даде свој придонес.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана поттседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Пратеничката група на ЛДП го поздравува конечното донесување на овој закон за определување на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, чие донесување до сега создаде правен вакум, односно со донесување на Зконот за локална самоуправа од 1995 година и новиот закон за локална самоуправа од 2002 година, определувањето на имињата на општините и градот Скопје треба да ги вршат на начин и услови определени со закон, кој до сега не беше донесен и општините и градот Скопје не можеа да донесуваат легитимни одлуки, оспорувани од Врховниот суд на Република Македонија.

Иако мал закон, овој закон е особено важен заради исклучителноста на областа која ја уредува од причини што се работи за податоци кои влегуваат во личните документи на граѓаните на Република Македонија и треба да има унифицирасн пристап и висок степен на координација на субјектите учесници во овој процес, затоа што во оваа област се вклучени локалната самоуправа, Заводот за геодетски работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Државниот завод за статистика. За да не се случи граѓаните да шетаат од шалтер на шалтер, при донесување на конечниот текст на законот, треба да се обрне внимание на надлежноста на водење на регистарот на имиња, дасли ќе го води локалната самоуправа или Министерството за транспорт и врски, за што на Комисијатас за транспорт и врски се водеше широка дискусија.

Се надевам дека Министерството за трањнспорт и врски ќе ги има предвид дискусиите водени на комисијата.

Овде сакам посебно да дискутирам за член 16 од законот, во кој се зборува за утврдување на материјалот, бојата, формата и димензијата на таблите со името на улиците, плоштад, мост и друг инфраструктурен објект, табличките, големината и бојата ги пропишува министерот за транспорт и врски. Лично сметам дека тоа треба да го пропишува Министерството за транспорт и врски со подзаконски акт во согласност со меѓународните нормативи и стандарди за материјалот, бојата и големината на буквите и таблите.

Овде на седницата доста на широко се расправаше за членот 5 и 6 од Законот, во кои утврдувањето на листата на имиња е дадена во надлежност на советот

на општината. Ова прашање посебно е важно при утврдување на промена на одредени имиња. При утврдување на листата на имиња од страна на советот на општините посебно треба да се внимава на членот 6, каде што посебно е нагласено да се внимава на угледот на Република Македонија и членот 6, во кој согласноста за листата на имиња ја дава Владата, е токму во функција на членот 6. Тука сите дилеми се во примената на овој закон и практичните проблеми кои ќе се јават во примената. Во примената на членот 5 и 6 може да дојде до нарушување на одредени односи, доколку предлозите не се решаваат со толеранција и консензус. Лично сметам дека од огромно значење е советите на општините, при утврдувањето на листата на имиња и Владата при давањето на согласност на листата задолжително да ја користат научната историографска и културна мисла, пред да донесат одлуки во рамките на своите надлежности. Во дискусијата господинот Дојчиновски посебно го истакна користењето на историската дистаснца при донесување на одлуките.

На крај, почитувани колеги, донесувањето на овој закон треба да се подржи од причини што уредувањето на овие прашања до сега не беше извршено со закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

По елаборацијата на моите колеги, посебно на господинот Дојчиновски, кој објасни доста работи, би сакал да го поздравам донесувањето на овој предлог на закон, за да се регулира оваа сфера и доколку начини како да ги решиме овие проблеми кои се очигледни во членовите 5 и 6 од Законот, каде што уште сега гледаме во членот 5 каде што стои: “Листата од став 1 на овој член ја утврдува советот на општината односно на градот Скопје на што согласност дава Владата на Република Македонија”, во советите на општините би се јавиле проблеми. Затоа, мислам дека регистарот на имиња е она што треба да се донесе, треба да бидеме доста внимателни, да ја направиме таа листа. Регистар на имиња кои сите општини понатаму ќе може да ги користат, а ќе може и овој член 6. Тука би сакал да кажам дека вооваа работа за донесување на ваквите имиња би било добро да се вклучи и Комитетот за односи меѓу заедниците. Ова што го кажуваше господинот Дојчиновски во однос на историските личности, во однос на она што значи докажани личности во сферата на науката, културата, историјата, тие самите си ги зеле своите места, но секако дека проблемите се јавуваат во последно време и тоа проблеми од минатиот идеолошки период. Ние зборуваме дека во моментот не би требало да ги

имаме тие промени кои се дневнополитички, но јас исто сакам да нагласам дека и периодот на изминатите 40-50 години и многу улици кои во моментот ги имаме во Република Македонија, како и плоштади, се чисто со идеолошко значење кои имаат многу малку некоја врска со Република Македонија и македонскиот народ. Тука пред се би сакал да ги споменам тие булевари на ЈНА, Булевар “Југославија”, “Благоја Паровиќ”, “Иван Милутиновиќ” и незнам уште колку такви имиња имаме во Република Македонија, кои беа од еден социјалистички период, кога Македонија беше во рамките на поранешна Југослсавија, која денес ја нема.

Така што тие улици и покрај тоа што има отпор во некои совети или кај некои од граѓаните, мислам дека дефинитивно со закон треба да ги отстраниме од нашата држава и да продолжиме со она што е наше национално, историско минато и она што сега ни се случува, мислам дека треба да биде дел од историјата што понатаму ќе ја оставаме за нашите поколенија.

Исто така интересен е членот 8 во кој се кажува дека имињата на улиците не ќе можат да се променат една година пред претседателски, парламентарни и локални избори и една година пред пописот на населението. Значи, како што кажа и г. Дојчиновски, како што ние одиме вака со овие избори, изгледа дека не може да се променат никогаш. Значи тука имаме еден проблем кој ќе се реши доколку ја направиме таа листа, компјутерски, па нека биде и 2 месеца или 6 месеци пред избори, многу регуларно сето тоа може да се направи. Сите овие институции учествуваат во донесувањето на имињата и сигурно дека тој регистер на имиња ќе го има и во МВР и во органите кои ги спроведуваат овие избори, така што според мене поголеми проблеми од ова не би требало да има.

Една новина која мислам дека е за поздравување, колку ќе биде ефектна и ефикасна ќе покаже времето. Тоа е членот 12 каде се вели дека може да се постави плоча со податоци за личноста или настанот. Значи покрај името на улицата би имало нешто што би асоцирало и би било попрегледно за луѓето што воопшто и не знаат, за ова што говоревме претходно, живеат на некоја улица за која не знаат ни каде се наоѓа ни од каде го добила тоа име, па мислам дека тоа е добро како идеа и е за поздравување.

Понатаму, мислам дека ќе имаме проблеми, еве во членот 16 каде се вели дека овие знаци ќе треба да се добиваат и контролата на плочите што ќе се поставуваат на улиците и броевите, мислам дека тука треба да има поригорозни мерки и дека тука е потребно да се вклучи МВР во контролата и казнувањето на сите оние престапници што гледаме дека многу наслови на улици се уништени.

Јас би имал една забелешка на глава 3 - нумерирање на објектите, член 20, каде вели дека објекти кои не се предвидени со детални урбанистички планови, значи се мисли на диви градби би имале различни броеви со различни димензии, по големина и боја. Значи испаѓа тоа како некое гето. Во Битола има многу такви населби кои сега имаат броеви и ако ги промените тие броеви со нешто друго, а тие постојат веќе 20 или 30 години наназад и се водат и натаму како диви градби. Ако секое Собрание решава за улиците и за донесување на урбанистички план, дали е тоа дива градба или не е дива градба, тоа воопшто не треба да се менува и да има различни броеви или воопшто да немаат имиња тие улици. Мислам дека луѓето таму воопшто не се криви за она што го направиле бидејќи тоа постои веќе со години наназад.

И во однос на казнените одредби, тоа е глава 6 член 32 каде стои дека со парична казна од 3-5 илјади ќе се казни за прекршок визичко лице што пишува други ознаки и текстови. Вие да можете да поставите табла или текст било каде мислам дека таа казна не е минимална туку воопшто не е ни казна затоа што на таков начин може да се рушат сите овие работи и вие колку да се издржани во некои ваши активности да ги задржите бројките, и она што значи одбележување на улиците, можеме да дојдеме во ситуација некој нон стоп тоа да го руши, за некои си 2 илјади денари и тоа ако биде фатен на дело, ако не веќе е непознат извршител.

На крајот би сакал да ја истакнам потребата од изнаоѓање на решение од законот што ќе ги прецизираат надлежностите на министерствата кои ќе бидат надлежни за негово спроведување. Со цел да не се создаде можност за двојно одлучување за одделни прашања да предложи начинот на водењето на регистарот на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти, да го пропишува Министерството за транспорт и врски, но без претходно позитивно мислење од министерот за внатрешни работи, директорот од Државниот завод за геодетски работи, директорот за Државниот завод за статистика на Република Македонија, туку со нивно активно учество и да се преоцени соодветноста на предложеното законско решение за водење на единствениот регистер од аспект на надлежност на сверата. Овие ингеренции доколку и понатаму се преплетуваат, можеме место да направиме ред, да направиме уште поголем хаос за областа што сакаме да ја регулираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Иван Анастасовски

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Ќе се обидам и јас да кажам нешто но ќе гледам да не се повторам со претходните дискутанти бидејќи тие ја објаснија потребата околу донесување на овој закон, посебно колегата Дојчиновски.

Позитивно е тоа што законот оди во три фази. Ова е негова прва фаза.

Јас имав прилика и на Комисијата за политички систем да дебатирам и да придонесам околу донесување на овој закон и подобрување на текстот на законот, така да и денес сакам овде на пленарната седница да продискутираме со министерот за некои дилеми кои се јавија кај мене околу донесувањето на овој закон.

Конкретно во членот 16 кој мислам дека беше спомнат и од претходниот дискутант, во ставот 3, јас и на Комисијата ја поставив дилемата околу тоа дека општината односно градот Скопје врши редовна контрола на поставените табли со имиња на улици, а доколку истите се оштетени, уништени и исчезнати, должни се веднаш или најдоцна во рок од еден месец да обезбедат нивно објавување. Така како јас го разбирам овој став, терминот редовна контрола може да подразбира и контрола од избори до избори или на повеќе години еднаш да има некоја контрола врз оштетените табли со имиња на улици. Така што јас ја поставив дилемата, тука да се вметне, да се врши контрола на секои 4 месеци, или како алтернатива - континуирана контрола на оштетените табли со имињата. Би сакал и сега тоа да го поразговараме со министерот.

Втората дилема е во главата 3 - нумерирање на објектите, во членот 24 каде се кажува дека сопствникот односно корисникот на објектот е должен да ги обнови оштетените или исчезнатите табли со броеви, најдоцна во рок од 30 дена од денот на оштетувањето или исчезнувањето. Така како што јас го разбирам мислам дека овде е ставено, табличките на објектите да ги обновуваат сопствениците на своја свест, ако тие се оштетени, не знам и дали се оштетени. Дали не е попрецизно и тука да се вметне нов член каде што, исто како и во претходната глава, во членот 16 точно е утврдено кој ќе ја врши контролата и на кој временски период ќе се врши таа временска контрола околу оштетените таблички на објектите. Мое мислење е да не оставиме тоа само на совеста на сопственикот или корисникот на објектот. Тоа сепак да го регулираме со тоа што, исто така, некој надлежен орган, дали од Министерството за транспорт и врски, дали од општината, ќе има една обврска да врши контрола и да врши еден притисок врз самите сопственици да ги обновуваат своите таблички на објекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Донесувањето на законот за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти е повеќе од неопходна. Поради недостаток на ваков закон, за жал и после 13 години од измена на комунистичкиот систем во повеќепартиски систем, ние се соочуваме со многу имиња на објекти од инфраструктурата кои не кореспондираат со времето и реалноста. Донесувањето на ваквиот закон е и правна обврска која произлегува од член 23 алинеја 3 точка 4 од Законот за локална самоуправа, усвоен во 2002 година. Значи нема ништо спомно околу оправданоста од донесувањето на ваков закон. Тоа е за поздравување.

Меѓутоа, при разгледување на предлогот за донесување на овој закон, се забележуваат многу недостатоци, независно од тоа дали се направени намерни или ненамерно, од страна на тие кои го составувале овој закон. За чудење е како дале зелено светло со ваков состав, дали самиот министер за транспорт и врски, без чија дозвола сигурно ние не би го имале пред нас овој предлог за разгледување. Се поставува прашање каде се забелешките што јас ги правам кон овој закон. Не се многу, меѓутоа за мене се многу суштински.

Прво би застанал кај член 4 од законот чија формулација не држи. Значи алинеја 2 од член 4 вели: “Пред се е потребно е да има мнозинство гласови од севкупниот број членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во општината”. Оваа формулација доаѓа во судир прво со Уставот, посебно со амандман X кој стрикно го дефинира тоа, кој што и кога, од страна на пратениците кои не припаѓаат на мнозинството во Македонија, се бара да гласаат повеќе од половина од нивниот вкупен број. Оваа уставна определба по аналогија, не може да се однесува и на членовите на општинскиот совет кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во општината. Таква аналогија не може да се прави бидејќи такво право не е предвидено во самиот закон за локална самоуправа. Значи во тој случај треба прво да се измени законот за локална самоуправа за да се внесе такво нешто. Имајќи го тоа предвид што е поврзано со член 4, предлагам да остане целата формулација на алинеја 1 и формулацијата на алинеја 2 до таму каде што вели “Или од град Скопје”. Другиот дел, од причините што ги спомнав, треба да се избрише.

Кај членот 5 алинеја 2 барам, формулацијата “за која согласност дава Владата на Република Македонија”, да се избрише. Според целата формулација на алинеја 2, произлегува дека општинските совети или советот на град Скопје не може да

го реализираат списокот на имињата на улици, плоштади или други инфраструктурни објекти кои ги определуваат самите, без согласност од Владата. Оваа зависност не зборува за децентрализација на локалното самоуправување, туку за засилување. Ова не кореспондира со нашите определби за децентрализација на Владата, како една од обврските што се земени пред ЕУ и другите структури на меѓународната заедница. Ова зборува и за тоа дека општините на град Скопје, за нивната работа во целост не им се верува, од страна на Владата.

На крај, како ќе се направи определување на улиците и другите инфраструктурни објекти. Секако тоа ќе биде од страна на општинските совети и се зема предвид член 6 каде што се вели дека не може да се определат имиња на улици и други инфраструктурни објекти со кои се нарушува угледот на Република Македонија и националните чувства на заедниците, се нарушуваат меѓу националните односи, традицијата итн. Колку и како ќе се реализира овој член, значи членот 6 е регулирано и со член 27, според кој е предвидено да има надзор од Министерството за транспорт и врски преку инспекторите на општинити и град Скопје.

Имам забелешки кај член 8 алинеја 2 каде што се вели: “Измената на алинеја 1 од овој член не може да се направи една година пред редовните парламентарни и претседателски избори и една година пред планираниот попис”. Оваа алинеја треба во целост да се избрише затоа што измените што може да ги направат општинските совети и град Скопје, во определување на улици и други инфраструктурни објекти, воопшто не влијаат и не сметаат на изборите а се разбира и пописот на населението. Ако се инсистира на некој временски рок, предлагам тоа да биде 6 месеци а не една година. Значи подобро е да се тргне. Меѓутоа ако не се тргне и се инсистира да има рок, тогаш тоа да биде 6 месеци. Ако се усвои вака овој закон со овој член, а локалните избори се за една година, значи за една година не може да се измени ниту едно име на улица, плоштад или инфрастурктурен објект. Околу април-мај ќе имаме претседателски избори па исто така не ќе можат да се изменат имињата, па така не ќе може да се спроведе овој закон. Се надевам дека овие сугестии и забелешки министерството ќе ги има предвид и навреме ќе ги избегне. Верувам дека во втората фаза во разгледување на овој закон верувам нема да има потреба да се интервенира дури и со амандмани.

Уште еднаш да повторам дека еден ваков закон досега не достасувал и е повеќе од неопходен. Меѓутоа, ние не сме за тоа да се донесе било каков закон кој ќе биде во спротивност со тенденциите за децентрализација на централната власт и другите

ставови кои што се за една реална власт, во согласност со ЕУ за локално самоуправување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани пратеници давам пауза од 5 минути по која веднаш ќе продолжиме со работа.

Пратениците што се надвор од салата да влезат за да продолжиме со седницата. Паузата заврши.

Г-днот Матоши да дојде во Собраниската сала за тоа што е пријавен за дискусија.

Го молам пратеникот Ружди Матоши да дојде во собраниската сала.

Ги молам координаторите ако може да помогнат, пратениците да влезат на своите работни места и јас ве молам уште еднаш пратеникот Ружди Матоши, да биде повикан.

Да можеме да продолжиме тогаш.

Збор има господинот  Ружди Матоши, повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам.

Почитувани колеги во Охридскиот договор на јасен начин е определено дека мултиетничката реалност треба да најде свој одраз во системот. Кога се вели мултиетничката реалност тоа се однесува на јазичната и културната разноликост. Јасно е дека албанците се разликуваат од македонците не само од јазичен аспект верски аспект туку и од историски аспект. Албанската исорија во Македонија има повеќе сличности со историјата на албанскиот народ во Албанија и на историјата на Албанскиот народ во Косово. Со оглед на фактот дека претставуваат еден дел на истиот народ, како што е тоа наведено в прочем во Уставот на РМ. Исто така, е јасно дека историјата на албанскиот народ на Македонија се разликува од историјата на македонскиот народ. Ова е една реалност која не треба да се одрекува туку таа треба да се прифати како таква. Доколку прифатиме дека сме обврзани да ја одразиме мултиетничката реалност при  регулирање на општеството тогаш треба да разбереме дека во оваа категорија влегуваат и културната разноликост и историската дивергентност. ЕУ  е токму заснована врз овие темели. Одноно на прифаќањето на разноликостите а не нивно негирање. Секој обид да се одрече разноликоста и различното ќе поттикне криза која може да заврши со конфликт денес на оваа собраниска седница. Ние треба да го разгледаме законот за определување на имињата на улиците плоштадите и мостовите, во предлогот на законот од Владата е внесен еден предлог кој не само ги намалува ингеренциите на локалната самоуправа туку исто така го нарушува прифаќањето на тие различности и разноликости. Предлагачот на

законот предвидува дека крајното прифаќање, крајната согласност за овие именувања на улицата и припаѓа на Владата што значи дека со тоа му се дава на македонското мнозинство да го попречува афирмирањето на националноит идентитет. Во овој закон се подразбира исто така и афирмирање на албанците на чесните албанци и негирање на нечесните албанци во навод.

На овој начин се поткопува автономијата на локалната самоуправа и е во директно спротивставување со Рамковниот договор и локалната власт. Ќе зависи од Централната власт и автоматски ќе ја изгуби својата независност. Ова најдобро е отсликано во предлог 5 од овој Предлог закон. Албанскиот блок во Собранието во согласност со Охридскиот договор може да одлучува само врз основа во условување на овој закон, односно може да постави вето. Албанското вето е единствениот механизам кој може да придонесе во зачувувањето на националниот идентитет. Јасно ни е дека досега СДСМ ќе направи се со цел да го убеди ДУИ со бајати фрази за ДУИ да нестави вето на овој закон. Така како што впрочем и напрви кога беше усвоен законот за лични документи, пасоши а најсвеж пример е Законот за култура. Е деколку успее во тие манипулации, тогаш ќе биде јасно дека непотребно биле водени преговорите во Охрид. Со оглед дека тој механизам на вето е поткопано со разни пазарења меѓу партнерите во коалицијата, поради тоа најдобро намерно му сугерирам на ДУИ да не падне во оваа замка затоа што ДУИ нема никаква обврска кон проектите на СДСМ, туку има обврска кон лекторатот кој гласаше за демократската унија за интеграција. Сосема е јасно дека албанскиот електорат бара улиците плоштадите и мостовите каде што тие го водат својот живот да звучат албански а не со некои конвертирани варијанти од страна на чесните албанци. ДУИ не е во Владата за да ги легитимира проектите на СДСМ, туку за да го изрази интересот на албанците. Значи при втората фаза кога Ќе се р азгледува овој закон при неговата втора фаза албанскиот блок има шанса да покаже дедка како функционира албанското вето со цел да ги заштити албанските вредности Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, збор има Томе Тромбев. Повелете.

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Неспорно е консттацијата дека има потреба од донесување на ваков закон имено, овој закон не датира уште од овој период, уште почнато со негова изработка уште од 1997 година, и многу ми е драго што овој закон еве конечно се најде на дневен ред. Со овој закон ќе се направи една нормативна рамка, односно оваа сфера ќе се унифицира постапката исто така и ќе се воспостават стандарди односно определувањето на имиња на улици, и други инфраструктурни објекти и одбележувањето на истата.

И мислам дека досегашните дискусии покажаа дека сме во прав правец, меѓутоа, тука би сакал да истакнам една дилема која што се провлекува низ самиот текст на законот а тоа е дилемата во однос на надлежноста на водењето на единствениот регистар. Имено во текстот на законот, тука е посочено Министерството за транспорт и врски, додека во образложениeто Министерството за локална самоуправа. Мислам дека во наредната верзија Владата треба да определи едно министерство тргнувајќи од практични причини, а се разбира земајќи ги во обзир и финансиските импликации кои што можат да се појават поскапување на самиот цел тој процес на водење, и треба да определи надлежен орган кој што ќе го води овој единствен регистар најповеќе од аспект на надлежностите кои што ги имат министерствата. Имено, треба да потсетам дека овој закон се носи тоа е и барање на самиот закон за локална самоуправа а воедно и практична е причината за донесување пред престојниот процес на децентрализација. И, во наредиот период, јас мислам дека Владата треба да воспостави орган кој што ќе го води овој единствен регистар имајќи во обзир дека во наредниот период со децентрализацијата урбанистичкото планирање. И спроведувањето на урбанистичките планови бидејќи оди во надлежност на локалната самоуправа. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, збор има г-динот Исмет Рамадани, само претходно дозволете ми една информација да можете да го планирате времето, и своето пријавување, во 13,00 часот ќе ја прекинеме седницата на барање на г-динот на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет г-динот Жарко Караџоски, затоа што е закажана седница на таа комисија за разгледување на Законот за финансирање на партии, така што да можете да планирате, значи понатаму седницата ќе продолжи ќе се спи тоа со паузата, ќе продолжи во 15 часот.

А, сег г-дине Рамадани простете меѓутоа го имате зборот сега. Повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, еве јас сакав да кажам неколку збора со цел да дадам свој придонес како пратеник со цел овој закон во оваа прва фаза на донесување на одреден начин да биде штопиквалитетен и штопосодржаен меѓутоа имајќи ги се разбира предвид одредени елементи елементи кои и самите во законот се истакнати, затоа што се работи за еден закон кој ги одредува имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти, и тука навистина треба да се има предвид фактот дека ќе беше добро дека доколку овој закон беше изработен без предрасуди, и без претходно да се предвидува кој е тој што ќе одлучи на крај. Мислам дека во одредени членови посебно членовите со кои се регулираат техничките одредени

прашања, Законот е во ред, затоа што ние треба да прифатиме дека се соочуваме со еден голем хаос, што се однесува до именувањето на улиците, мостовите и плоштадите во Македонија дури во многу бројни места и бројни случаи, и се случуваме со апсурни кои се веќе и бајати се и неприфатливи во однос на прашањето за менување на улиците и плоштадите.

Мислам дека колегите пратеници имаа право кога дадоа забелешки дека за сите овие именувања или определувања за именување на улици и плоштади итн., последниот збор според член 5 и последната алинеја следниот збор значи треба да го има Владата на РМ. Мене ми се чини дека ова е малку презголемена работа и тука оваа алинеја или оваа реченица е само поради тоа што ние сме сеуште многу многу оптоварени со предрасуди и поради еден степен на недоверба, кој што е многу висок ние треба да се ослободиме од овие оптоварувања и на некој начин да одиме паралелно со тоа за што сме се определиле значи, и како дел од Охридскиот договор во врска со децентрализација на власта меѓутоа, и во тоа значи како враќање на довербата меѓу нас што многу ќе влијаеше и на тоа какви имиња ќе употребиме за овие улици, плоштади и булевари. Јас верувам дека и општинските совети, и идните општински совети кои што ќе бидат се подразбира децентрализирани како и власт во општината ќе внимаваат и ќе мислат исто како и Владата кога е во прашање именувањето на улиците и плоштадите бидејќи имаат своја одговорност пред своите граѓани кои што имаат припадност значи на разни припадности етнички верски и тн.

Значи ќе се има внимание, ќе се обрне внимание за почитување , знажи меѓусебно почитување и кога се определуваат именувањата на улиците, плоштадите, мостовите итн. Затоа, нема да биде добро значи однапред да се рече на некој начин законот со овој член 5, фактички значи покажал адреса каде именувањето на еден објект или на една улица значи се финализира и тоа значи треба да биде Владата што според мене исто така не е прифатливо. И, да не навлеземе од сега во детали меѓутоа јас знам дека во општинските совети во кои што ќе бидат вмешани, било да се албанци или македонци значи значителен број и така ќе имаме случаи, кога можеби ќе има несогласност, меѓутоа на крај и именувањето на плоштадите, булеварите, улиците ќе има и категоризација во тоа што значи, именување на плоштад, што значи именување на една главна улица на еден Булевар и што значи именување на една улица да речеме што е споредна итн. Така што сите овие работи треба да се земат предвид и врз основа на тоа, да се направи врската со националната структура на тие општини и понатаму.

Тука и во членот 6 и 7, предлагачот уште од почетокот направил обид да ги има предвид односно да се обиде да не бидат нарушени меѓуетничките односи што би било

случај при именување на улиците меѓутоа, мислам дека целата оваа одговорност која им останува на општинските совети, односно обврска на самите граѓани, мислам дека тие сами ќе ги средат тие односи и можни проблеми кои што ќе се појават. Со оглед на фактот дека ова е сепак прва фаза, гледам дека на крај како ќе произлезе еден заклучок со кој ќе се даде виза на овој предлог и во кој ќе стои дека предлагачот ќе треба да ги земе предвид сите забелешки на пратениците но и забелешките кои ќе ги поднесат подоцна и други луѓе експерти со цел на крај да имаме еден закон кој ќе ги задоволи сите интереси на сите граѓани и ви благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за определување на имиња, на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ, да се достави до Владата на РМ и Министерството за транспорт и врски.

Сега треба да преминеме на гласање.

Има кворум во ред. Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржани 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениотзаклучок.

Преминувме на 14-та точка - Предлог за донесување на закон за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правдата од пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор?

За збор се јави г-динот Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке,

Почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Се јавив за збор во својство на известител на Комисијата за труд и социјална политика која што на својата втора седница го разгледа и овој закон.

Кога ќе се навлезе во содржината на одредбите од Предлогот за донесување на Закон за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на право на пензиското и инвалидското осигурување ќе се види дека со неговите одредби се уредува евиденцијата за прибирање, обработка, користење, размена и чување податоци кои ќе се користи за успешно функционирање на системот за пензиско и инвалидско осигурување.

Матичната евиденција се однесува на:

- осигурениците,односно вработените;
- корисниците, односно пензионерите; и
- обврзниците, односно работодавците, физичките лица што вршат дејност, земјоделците и други субјекти задолжени да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

Податоците се доста обемни, прецизни и долгорочни. Ваквиот квалитет на податоците е значаен, затоа што тие претставуваат предуслов за успешно остварување на правата и обврските односно за спроведување на прописите од обласга на пензиското и инвалидското осигурување, кое осигурување по својата суштина значи обезбедување средства или штедење на помлади години додека трае работниот век за осигурениците за обезбедат одредена материјална и социјална сигурност на постари години кога тие исти осигуреници ќе се појават како корисници на одредени права. Токму ваквата суштина на пензиското и инвалидското осигурување ја наметнува неопходноста од комплексни и прецизни податоци, кои Предлогот за донесување на закон ги определи како матична евиденција, односно евиденција на податоци за идентификација на сите субјекти во оваа сфера за времето поминато на работа, за уплатениот придонес, неговиот износ и така натаму.

Собранието на Република Македонија, изворно прв пат се среќава со ваков законски проект, ако се исклучи членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, со кои како републички закон беше преземен сојузниот закон донесен од Собранието на поранешна Југославија,и кој ги уредуваше овие прашања, и до одредено време ги задоволуваше потребите во Република Макдеонија. Меѓутоа, во меѓувреме во Република Македонија во согласност со новонастанатите општествено-политички и економски односи, се спроведуваше и реформа на пензискиот систем, која до

сега е заокружена со донесување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, и кој се применува од 1995 година наваму и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување донесен во 2000 година, а од 2004 година ќе треба да почне неговата поцелосна примена. Тоа значи дека во Република Македонија воспоставен е нов пензиски систем. Во вакви услови не е тешко да се заклучи зошто токму сега дојде време да расправаме за ваков законски проект. Исто така не е тешко да се заклучи дека уредувањето на прашањата во врска со матичната евиденција во областа на пензиското и инвалидското осигурување, претставува обврска која не може да се одлага, и не може да се доведе во прашање донесувањето на овој закон.

Покрај тоа треба да се има предвид и фактот дека Предлогот за донесување закон за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидско осигурување значи не само усогласување со Уставот на Република Македонија туку и со прописите од областа на работните односи, од областа на здравството и се разбира и се разбира од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Исто така, треба да се одбележи и тоа дека комплексноста и обемноста на податоците може ефикасно да се прибираат, обработуваат, користат и чуваат само со поддршка на современи информатички средства и информатичка технологија,затоа што одредбите од Предлогот создаваат можности и обврски за доставување на податоци по електронски пат, автоматска обработка на тие податоците, размена на истите со други органи и институции и сл. На тој начин  ќе се овозможи Фондот на ПИОМ да ги намали роковите во своето работење и да ја зголеми ефикасноста во своето целокупно работење, односно во вистинска смисла да биде современ сервис на осигурениците, корисниците и обврзниците.

Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија имајќи го предвид целиот текст на Предлогот за донесување закон за матичната евиденција и раководејќи се од расправата на одржанаа седница едногласно утврди дека има потреба од донесување на овој закон.

Поради тоа, на Собраинето на Република Македонија му предлага да го усвои Предлогот за донесување закон за матична евиденција на осигурениците и корисниците на право од пензиското и инвалидското осигурување и да ја задолжи Владата на Република Македонија да изготви Предлог на закон како би можело на една од наредната седница истиот да се разгледа а потоа и да се донесе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има госпоѓата Ана Андова:

АНА АНДОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, претставници на Владата, колеги и колешки пратеници,

И покрај тоа што известителот од собраниската комисија ги пренесе на Собранието ставовите од истата, дозволете сосема накратко да го изнесам своето видување.

Јас го поздравувам овој предлог за донесување на закон за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување. Меѓутоа, патем речено би сакала да кажам, ценам дека неговото донесување е малку задоцнето во однос на времето во кое беа донесени законските прописи кои ја регулираат материјата на реформите во пензискиот систем. Овој предлог текст ја изразува потребата од нов начин на уредување и модернизација на матичната евиденција со корисниците на правата од пензиско осигурување, затоа што истата ја наложуваат како што веќе реков отпочнатите реформи во пензискиот систем за чија реализација е нужно потребна ефикасна, модерна и рационална матична евиденција, уредена на начин на кој истата ќе може унифицирано да се користи од повеќе институции, од повеќе центри хоризонтално поврзани во функција на единствена, точна, еднозначна слика за корисниците на истата по пат на електронско поврзување. Тоа ќе овозможи практична и брза процедура на остварување на правата на корисниците на пензиско-инвалидско осигурување и ќе се избегне долго и непотребно администратирање. Со комплетното електронско поврзување преку единствениот матичен и даночен број како еден од кодовите во пишаниот образец сите институции кои ги користат податоците од матичната евиденција на граѓаните ќе имаат унифицирана база на податоци.

Ова се надевам дека во некој догледен рок,догледен период ќе значи и стварасње на тло за востановување на шоп-стоп или едношалтерски систем како тоа кај нас се нарекува зошто да не.

Накратко околу новините во законот. Им се дава можност на осигурениците и корисниците на правата да им бидат достапни податоците од матичната евиденција. Ова исто така во голем дел ќе ја поедностави и забрза исто така и жалбената процедура и постапка.

Понатаму, податоците одредени со Законот се доставуваат по електронски пат во пропишан електронски облик.

Новина во матичната евиденција се исто така и уверенијата кој ги издава Фондот на барање на осигурениците. Во нив се содржани податоците за плата и стаж на осигуреникот. Ако осигуреникот смета дека податоците не се во ред  поднесува барање

за донесување на решение со кое точно се утврдува стажот и платата. Тоа веќе станува јавна исправа и се мора да биде точно внесено во матичната евиденција.

Внесувањето на овие новини со овој закон овозможува и зајакнување на функцијата на контрола при утврдување на точноста на податоците. Се овозможува увид во оригиналната документација на обврзникот за плаќање на придонес за пензиско инвалидско осигурување, за месечните податоци на пресметани и уплатен придонес за секој осигуреник пооделно затоа што од утврдените податоци од матичната евиденција односно од утврдената плата се изведува и основицата за пензија. Битно е овде да се спомне и одредбата за заштита на податоците од можна злоупотреба од страна на оние кои оперираат со истите, како и казнените одредби што се разбира. Токму толку околу овој закон, заради наведното јас ќе гласам за Предлогот за донесување на овој закон а исто така и Пратеничката група на СДСМ.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, колеги пратеници,

Отопочнатите реформи во пензискиот систем како и донесените законски прописи од работни односи, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување се наметна и потребата за регулирање на ова и те како значајна област со еден нов закон. Со овој закон практично ќе се добие модерна и рационална матична евиденција на осигурениците и корисниците на правото од пензиско и инвалидско осигурување. Можноста за доставување на податоци по електронски облик, како и размена на податоците меѓу институциите значи многу а тоа практично значи растеретување на обврзниците од истовремено доставување на податоци кај повеќе институции.Матичната евиденција и со овој предлог за донесување на закон ќе воспостави и води Фондот за пензиско и инвалидско осигурување а тоа значи негово осовременување и струно екипирање. Исто така според мене доста значајно е воведувањето на единствениот даночен број, како идентификационен податок при што се создаваат услови за следење на наплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување.

Моите забелешки по однос на Предлогот за донесување на закон ќе ги искажам по одредени членови.

Во член 12 според мене треба да се додаде за колку члена е одредена семејната пензија затоа што семејната пензија е согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, може да биде одредена за еден или повеќе членови на семејството кои имаат право на пензија од покојниот осигуреник или корисник на пензија. Добро е да стои и овој податок, пред се заради процентот на висината на семејната пензија.

Во член 32, сметам дека предлагачот треба да наведе кои податоци од матичната евиденција се сметаат за службена тајна со точен попис и опис на податоците. Мислам дека тоа треба да се наведе затоа што со Законо за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за управна постапка па и овој закон, Фондот има обврска на барање на осигуреникот,односно корисникот, обврзникот за плаќање на придонес и други органи да издава податоци од матичната евиденција па од тие причини потребно е со посебен акт на Фондот да бидат конкретизирани и опишани податоците кои можат да се издаваат и на кој начин тие ќе се издаваат а нема да биде во спротивност со член 32 од овој закон.

Членот 36 сметам дека треба да се брише бидејќи се работи за вработени во Фондот кој подлежат на дисциплинска и друга одговорност согласно Законот за работни односи и Колективниот договор. И затоа сметам дека прекршочна постапка во овој дел не е потребна.

Во член 41 каде што одредбата од член 27 став 1 точка 3 од овој закон ќе се применуваат од 01.01. 2005 година, се сомневам дали временски ќе се стигне, бидејќи се работи за еден сложен процес, кој треба да биде комплетен, без грешки и применлив а обврзниците и деловните банки сеуште не се спремни да ги регистрираат овие податоци.

На крајот би напомнал дека се работи за доста квалитетен предлог и се надевам дека сите оние забелешки кои ќе бидат понатаму донесени, односно предложени ќе можат да бидат вградени во Предлог-законот кој треба да го усвоиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Еве дојдовме до 13,00 часот, со ова ја прекинувам седницата, а ќе продолжи во 15,00 часот.

Господин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке. Сакав само да го искажам ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на ова прашање и како член на Комисијата за труд и социјална политика, а со цел да се овозможи потоа на господинот Љупчо Мешков да го искаже своето излагање.

Значи Предлогот за донесување на овој закон, односно Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување заслужува поддршка од сите пратенички групи, бидејќи со него се ефектуираат значајни решенија во областа на работните односи, пензиското инвалидското осигурување и здравственото осигурување. Со овој предлог се поедноставува користењето и чувањето на податоците од областа на осигурувањето, се поврзани со работниот однос и се овозможува преку матичниот број на корисникот да се добиваат сите потребни податоци за него. Ова значи големо модернизирање на службите како олеснување на работењето на Министерството за труд и социјална политика и на сите други субјекти кои имаат потреба од користење на податоци, како и за самите корисниците на овие услуги.

Би сугерирал со донесувањето на овој закон да бидат истовремено и обезбедени средства за негово реализирање, со цел да не се случи донесувањето на овој закон да претставува само добра намера.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи донесувањето на овој закон со апел, Владата со други мерки и закони да го зголеми и бројот на лицата кои ќе бидат вработени и внесени во овие евиденции.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи со ова ја прекинуваме седницата и продолжувам во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,05 часот)

(По паузата седница продолжи со работа во 15,05 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

На ред за дискусија е господинот Мешков.

Ве молам службите да го повикаат предлагачот, господинот Манасиевски.

Ви почнете, а министерот ќе дојде.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, бидејќи не сум член на Комисијата за труд и социјална политика сега ја имам првата можност од сферата на моето професионално ангажирање да се изјаснам по повод решенијата односно предлозите за донесување на овој закон за евиденција на осигурениците и корисниците на правата.

Овој закон и неговото донесување е навистина од извонредно големо значење пред се од два аспекта.

Прво, што на извесен начин се заокружува работното законодавство, регулативата, нормативата на работното законодавство, а важно од друг аспект што се пополнува нормативната рамка за создавање на предуслови за успешно водење на пензиската реформа.

Овој закон требаше да биде многу порано, меѓутоа, без оглед на сето тоа во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување иако нормативни претпоставки во делот на прибирањето на податоците за осигурениците и корисниците на пензија го немаше донесено овој закон работите мораа да течат напред, реформата мораше да оди напред, мораа да се почитуваат роковите од критичната патека за преземање на одредени дејствија од реформата кои беа зацртани со помош на главниот консултант за реформи од САД така што сега имаме една ситуација решенијата во овој дел кои веќе се практикуваат и се применуваат во Фондот за ПИО како резултат на процесот на водењето на реформата, сега наоѓаат законска рамка односно наоѓаат своја нормативна регулатива. Значи, работите во Фондот не запреа со тоа што го немавме овој закон, туку напротив тие интензивно се одвиваат заради тоа што сите знаете и бевме свесни дека реформата мора да оди напред, мора да оди брзо и да се почитуваат роковите кои беа зацртани за одделните дејствија од целиот тој процес.

Нешто слично е и со ова што практично денеска се случува, а тоа е најавеното склучување на договор за плаќање на придонесот на рати, една работа која во Фондот

веќе неколку години наназад се практикува и Фондот во последните две-три години има склучено повеќе од 200 вакви договори дури анализираше каков е резултатот и ефектите од тие склучени договори, за жал, обврзниците за уплата на придонесите кои се во тешка економска состојба тешко можат и редовната рата да ја исплатат, а камо ли уште една додатна. Сакам да кажам дека немаше поголеми ефекти, беше мал бројот на тие што ги презеле обврските со тие договори кои редовно си ги извршуваа што се должи на економската состојба во која тие субјекти се наоѓаат.

Во образложението на овој закон е кажано дека во делот на евиденцијата во Фондот нивото на развојот на информациониот систем е на такво ниво што се постигнати одредени резултати односно постигната е електронска обработка односно можност за електронска размена на прибраните податоци за осигурениците и корисниците на пезија.

Што е постигнато со ова?

Прво, дадена е можност за прибирање на податоци по електронски пат, што е чекор напред во однос на сегашната папирологија која е многу присутна во целиот процес.

Второ, овозможено е со другите државн институции размена на податоците по електронски пат што е особено важно, а оваа размена на податоци особено е интензивна со Министерството за внатрешни работи и со Заводот за вработување. На тој начин во размената на тие податоци постигнато е работодавецот кој треба да дојави одредени податоци на Фондот не треба да лута по шалтери, да губи непотребно време, туку оди во Заводот за вработуање, ги дава тие податоци потоа Фондот со Заводот обезбедуваат три или четиридневна ажурност тие податоци по електронски пат ги преземаат и со тоа навистина е овозможено работодавецот и другите обврзници пријавата на своите податоци да оди брзо и без губење време. Исто така планиран е и бесплатен софтвер за приватните работодавци кои ќе можат податоците кои треба да ги пријават во Фондот да можат по електронски пат да ги дојавуваат и да се избегнат сите оние хартии кои се употребуваат во прибирањето на податоците.

Трета значајна работа која е постигната со помош на прибраните податоци можат да се вршат статистички истражувања не само од интерес на Фондот, туку и пошироко од интерес на државата.

Целта ми беше да кажам дека иако овој закон требаше многу порано да го имаме, но го немавме, сепак работите одеа напред заради тоа што во Фондот секогаш се имало сериозен пристап во реформите, роковите се почитуваат, сега моментално незнам какви се состојбите, меѓутоа, се одеше напред и се почитуваа роковите кои беа преземени од страна на Фондот и договорени со главниот консултан за пензиската реформа.

Она што е многу битно да се истакне, еден од претходните консултанти го кажа дека работите во овој дел мора да одат брзо. Тука воопшто не смее да се губи време, не е доволно во нашите дискусии да спомнуваме реформи, реформски процеси, туку е потребно целосни заложби и на надлежните органи и на сите поединци одговорни за да можат што побрзо да излеземе од реформскиот лавиринт и да можеме преку реформите кои ќе се спроведат во посебните сфери да можеме да одиме напред и да ги надминеме одредени неповолни состојби кои се или во економијата или на други планови.

Од тука, за мене е неприфатливо и неразбирливо кога предлагачот од членот 27 став 1 точка 3 ја одлага одредбата да се применува од 1 јануари 2005 година. Јас имам спротивно мислење од еден претходен дискутант кој рече дали е доволно времето за да може да почне примената на таа одредба од 1.01.2005 година. Предлагачот треба да знае дека одлагањето на оваа одредба за година ипол или повеќе само ги одолжува реформските процеси и мое мислење е дека таа одредба во никој случај не смее да се одложи до 1.01.2005 година. Таа одредба зборува дека до таа дата е потребно да се набави информатичката опрема и кадарот кој работи со таа информатичка опрема да се остручи да може да работи со новиот софтвер кој треба да биде подготвен и набавен.

Велам долго е тоа време заради тоа што е сосема можно овие работи да се завршат побрзо и тоа од следните причини:

Прво, набавката на техничката опрема за обработка на прибраните податоци за осигурениците и корисниците на пензија предвидено е да се направи од Холандскиот грант со кој парите се обезбедени од порано, но не ми е јасно зошто до сега тие пари не се искористени, пари од Буџетот за овој закон, како што вели предлагачот, не се потребни, значи се алудира на користење на средствата од Холандскиот грант што се разбира со заложби и на Министерството и на Фондот и други може брзо да биде реализиран.

Второ, луѓето кои работат и треба да бидат остручени за оваа работа ќе одат на брзи курсеви оти време од година ипол е навистина долг период овие работи да бидат завршени. Јас сум сигурен дека овие работи можат да бидат побрзо, а со самото тоа ќе го забрзаме и ќе ги запазуваме роковите предвидени за реформите за пензиската реформа.

Се разбира за успешна пензиска реформа, за успешна матична евиденција која е битна и значајна за пензиската реформа потребни се покрај техничките и други предуслови. Тука е секако проблемот кој го имал Фондот и што ќе го има понатаму, тоа е бројот на извршителите на овие задачи. Вие веројатно знаете дека податоците се прибираат на ниво на подрачни служби, меѓутоа, состојбата е загрижувачка во поглед на бројот на извршители кои ја работат оваа работа и навистина ако сакаме да ги

ажурираме работите во матичната евиденција кои се основен предуслов за успешни реформи во тој случај мислам дека бројот на вработените, на извршителите на овие работи треба да биде зголемен. Се разбира во претходниот период постоеја пречки во оваа насока, меѓутоа, алудирам од тоа што јас и професионално бев ангажиран таму, не само што не смее да се намали постојниот број, туку треба да се овозможи зголемен број на извршители, а впрочем за тоа постојат предуслови во донесената нова организација и систематизација на работните задачи во Фондот.

Сега би се задржал на неколку конкретни забелешки на текстот на законот, се надевам дека министерот односно предлагачот ќе има сериозен пристап кон нив затоа што мислам дека можам во тој дел да дадам корисни забелешки.

Во членот 3 да се вметне и обврската на Фондот за прибирање на податоците и по службена должност. Затоа што во членот 3 исклучива е обврската на обврзниците да ги дојавуваат податоците, а имаме одредени ситуации кога Фондот ќе мора и по службена должност да ги прибира тие податоци, а не безконечно да чека на дојавувањето на таквите податоци.

Во членот 7 точка 7 да се предвиди обврска на Центарот за социјални работи покрај неговата обврска за правото кое е цитирано да поднесува податоци и за бројот на корисниците на паричен надоместок за помош и нега затоа што тоа право од Фондот е веќе поминато во центрите за социјална работа и тие се обврзници да ги поднесуваат податоците за користењето на тоа право.

Во членот 25 од Предлогот за донесување на законот според мене е предвидена многу сложена процедура и постапка за конечно утврдување на податоците која само ќе ја усложни односно ќе го зголеми обемот на работа кој и онака е голем на Фондот за ПИО.

Имено, во тој член 25 е предвидено доколку работникот не е задоволен од податоците кои му се внесени во матичната евиденција за кои од Фондот може било кога да дојде и да добие уверение тој може да го обжали таквото уверение и дури понатаму по жалбеното решение кое мора да го донесе Фондот да води судска постапка. Зошто велам дека е сложено и непотребно ќе ја обремени работата на Фондот, прво, заради тоа што осигуреникот таквата можност ја има и во процедурата кога ќе поднесе барање за остварување на правото може да ја спори висината на пензијата заради тоа што податоците не му се точно внесени. Таква можност има во процедурата на остварување на правото.

Второ, мислам дека може да се најде подобро решение во овој поглед ако сакаме навистина да зборуваме за точно внесени податоци, а тоа е императив затоа што врз

база на нив понатаму се остваруваат правата на ПИО, во тој случај би можеле да го примениме решението кое е во САД и Канада, а тоа е работникот на секое пријавување на податоците од страна на работодавецот да даде согласност дека внесените податоци за него се точни и тој се согласува со тоа што работодавецот за него го дава. На тој начин имајќи ја неговата согласност би ја избегнале неговата жалба за внесените податоци заради тоа што прво се согласил со таквите и на тој начин мислам дека ќе постигнеме многу поголема економичност во постапката. Во спротивно реков многу ќе се наголеми и обремени работата на Фондот заради тоа што не знам вам колку ви е познато, меѓутоа, со оглед дека е бесплатно издавањето на тие уверенија во Фондот осигурениците во месец некои и по два пати доаѓаат да земат такво уверение и нормално со оглед на состојбите многу од нив ќе бидат незадоволни дека работодавецот неточно му ги дал податоците, паќе поднесат жалба, Фондот ќе мора по сите тие жалби да носи решенија и мислам дека со претходно добиената согласност на осигуреникот ќе се избегне оваа процедура односно ќе се постигне економичност и поекономична постапка.

Во членот 26 точка 3 се употребени зборовите “со дополнителна проверка на податоците”. Внесените податоци во матичната евиденција, како што пишува во Законот и во образложението, кога ќе се издаваат од матичните единици имаат карактер на јавна исправа. Се што е внесено во матичната евиденција мора да биде проверено, точно за да биде добра подлога и основа за остварување на правата. Дополнителни проверки можат да постојат само во случај ако се внесени податоци врз основа на лажни фалсификати, лажни исправи, неточни инаку сите проверки треба да се вршат пред тие податоци да влезат во матичната евиденција. Влегувањето во матичната евиденција треба да биде конечна работа освен во случаите што ги напомнав ако се констатира дека се внесени врз основа на лажни исправи и лажни податоци.

Во членот 34 од казнените одредби се предвидени казни за сите само не и за одговорните лица на Фондот на ПИО односно како што стои во Законот Фондот е должен да ги внесе во матична евиденција примените податоци во роковите предвидени со закон. Значи, ако не ги испочитува тие рокови кои се предвидени со законот треба да се предвиди казнена одредба за одговорното лице затоа што не ги испочитувало роковите во кои навремено поднесените податоци тој не го внел во матичната евиденција.

Слично е и во членот 36 каде предлагам да се преформулира, таму има алтернатива, но јас би предложил да се преформулира во таа смисла што ќе се предвиди казна за службеното лице кое има шифра и може да влезе во матичната евиденција, кое ќе направи измена на внесените податоци или ќе внесе неточни податоци. Се разбира за тоа е предвидена кривична одговорност, но мора да се знае дека тоа службено лице ќе

одговара. Такви ситуации во Фондот имаше поединечни случаи каде се впишуваа години во матичната евиденција без основ, без исправи, се разбира се водеа постапки, а некои од нив беа исклучени од работа, односно сега водат судска постапка, значи членот 36 да се преформулира во таа насока.

На крајот мислам дека е згрешено кога во донесувањето на овој толку очекуван и важен закон од оваа област кој како што реков требаше многу порано да биде донесен, не се оди по скратена постапка со оглед на фактот што тие решенија веќе делумно се применуваат во праксата и во работењето на Фондот. Мислам дека можеше да се оди побрзо со донесувањето на овој закон по скратена постапка, се разбира утеха не е фактот што во законот е дадена можност до донесувањето на овој закон ќе се применува стариот, меѓутоа, ние мора да одиме со нови одредби, со нови работи, побрзо и напред и затоа мислам дека можеше овој закон да оди по скратена постапка со оглед на фактот што е многу значаен и битен во оваа социјална сфера.

Но, како и да е овој закон е навистина важен, добро е што е ставен на дневен ред и мислам дека неговото донесување во многу ќе помогне во создавањето на сите потребни нормативни предуслови за навременото водење и завршување на имплементацијата на реформата во пензискиот систем.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Господинот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Сосема кратко, во интерес на времето, да им се заблагодарам и на двете комисии и на сите пратенички групи ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се извинувам, пратениците нека влезат во салата затоа што преминуваме на гласање после ова.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

... за поддршката на овој закон. Како што беше истакнато законот е од суштинско значење затоа што со овој закон конечнио се докомплетира целиот нормативен амбиент во сферата на ПИО.

Новините во овој закон веќе беа искатнати од повеќе дискутанти така што со право дискутантите  изразија очекување дека со влегувањето во сила на овој закон се надевам кон крајот на наредниот месец ситуацијата во оваа сфера конечно ќе биде комплетно нормативно уредена.

Во оваа прилика би сакал, бидејќи од пратениците беа искажани одредени сугестии и забелешки, можеби не е место тука, разговараме за Предлог за донесување на закон, меѓутоа, со право беше посочен фактот на кадровската екипираност и потребата од дополнителни човечки ресурси за извршување на овие значајни функции. Ова особено во светлината на владината препорака за рационализација на јавната администрација сакам да ги информирам пратениците дека по опсежните анализи утврдено е дека во Фондот за ПИО кое ќе го спроведува овој закон воопшто нема да има рационализација, туку како што посочија неколку пратеници во наредниот период во согласност со можностите на Владата ќе треба да има зајакнување на капацитетите на Фондот особено од аспект што со пензиските реформи на Фондот за ПИО му се даваат дополнителни надлежности и овластувања во водењето на евиденцијата и за таканаречениот втор столб.

Истовремено, околу сугестијата за скратена постапка мислам дека укажување и на Парламентот на неколку пати до Владата било законите да одат во нормална постапка и навистина е тешко и за Владата по некогаш да го почитува тоа особено кога се работи за нови закони таа постапка мора да се почитува и мслам дека нема да загубиме многу време овие конструктивни забелешки што беа истакнати, а морам да признам дека речиси сите беа од таков карактер, ќе бидат вградени и јас се надевам дека до крајот на наредниот месец овој закон во финална фаза ќе се најде пред пратениците.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за матична евиденција за осигуреници и корисници на право од ПИО.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите и од расправата на седницата на Собранието.

3.Заклучокот заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достават до Владата и Министерството за труд и социјална политика.

Пред да поминеме на гласање да утврдиме број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Ги молам пратениците ако се во ходникот да влезат во салата да гласаме.

Ве повикувам да гласаме за предложениот заклучок.

Гласале 55 пратеници, сите гласале за.

Во моментов на гласање имаше 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за евиденциите во областа на труд.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот.

Има збор госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Во контекс на претходната расправа по Предлогот на законот за матичната евиденција за ПИО, како и од потребата на воспоставување на нов систем на евиденција од областа на трудот дозволете сосема накратко да прокоментирам неколку новини кои ги содржи овој Предлог на закон.

Се предлагаат две нови евиденции - евиденција на работодавачите и евиденција За штрајкови.

Евиденцијата на работодавачите согласно овој Предлог закон ќе ја води Заводот за вработување. Оваа евиденција веќе е започната да се востановува и тоа пред неколку години со воведување на новите програми за автоматска обработка на податоци. Оваа евиденција скоро во целост ги содржи начините како таа ќе се устројува, ги содржи податоците кои се наведени во член 6 во Предлогот на законот.

Евиденцијата за штрајкови согласно новиот закон ќе ја води работодавачот кај кого се случува штрајкот и асоцијацијата на мнозинскиот синдикат, членовите 26, 27 и 28.

За новина може да се смета барањето на податоци за платените придонеси и даноци на плати. Оваа евиденција најверојатно ќе ја води работодавачот.

Има одредени новини во казнените одредби дадени како алтернатива во предлогот на текстот и се согласувам со истите.

Одредени мали измени кои можат да се сметаат од практична гледна точка како корисни и тоа намалување на одредени прописи при пријавување на пријавените од податоците.

Понатаму има одредено зголемвуање на рокот на пријавување во Бирото за вработување на македонски граѓани кои биле на привремена работа во странство, разбирливо практично и во останатиот дел од Предлогот на текстот на законот промените се однесуваат на терминолошкото усогласување на прашањата од оваа област, инаку овој закон е важечки од 1990 година.

Сметам дека со донесувањето на овој закон и имплементирањето на истиот ќе се придонесе да се зацврсти и прошири врската помеѓу институциите кои водат матична евиденција на граѓаните од сите области, Завод за вработување, пензиски, здравствен фонд, органот за внатрешни работи, центрите за социјална работа и институции кои се бават со статистика.

Посебно со воведувањето на евиденцијата на работодавачите се устројува целосна прегледност на овие правни субјекти од аспект на личен легитимитет, број на вработени начин на засниување на работен однос како и сите промени кои настануваат во текто на работењето на истите. Ова досега не беше остварливо особено по трансформацијата на институцијата за службено книговодство.

Со прецизирањето на податоцит еи со уточнувањето на истите со можноста на хоризонтално и вертикално поврзување по електронски пат и електронска размена на информации се создаваат и можности за различни приоди во анализата на понудата на работната сила која за други институции и  инстанци ќе значи солидна основа за градење

и креирање на политика во смисла на флексибилност и прилагодување на истата кон барањата на модерниот пазар на трудот.

Исто така би го споменала и моментот кој беше споменат во претходната расправа околу доедуцирањето на стручните служби, меѓутоа тоа веЌе е овозможено да се прави во од заради тоа што истите веќе имаат совладано една фаза на автоматска обработка на податоци  и сега со хоризонталното и со вертикалното поврзување со истите се влегува во една нов афаза на примена на информатичката технологија во јавната администрација.

Се надевам дека тоа ќе може да се имплементира на начин кој се практикува во европскит еземји. Пратеничката група на СДСМ го подржува Предлогот за донесување на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За овој Предлог за донесување на закон за евиденција за областа на трудот сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ , а тоа е давањето на поддршка за донесување на еден ваков закон.

Истовремено апелирам за донесување во најкус можен рок на подзаконските прописи, исто така активна обука на вработените и ефектуирање на информатичката технологија за реализација на законските решенија. Во тој правец треба да се обезбеди постојан аконтрола на ажурното и постојано водење на овие евиденции од страна на работодавачите.

На крајот сакам да искажам една желба-повеќе работа да имаат оние вработни кои што ќе ги водат евиденциите за нововработени, а помалку да бидат ангажирани оние кои што ќе ги водат евиденциите за невработени, за штрајкови, што во претходниот период беше во спротивна насока нивниот ангажман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

јас во својство на известувач на Комисијата за труд и социјална политика сосема на кратко да кажам дека беше констатирано дек аима потреба да се донесе закон за

евиденција од областа на трудот. На тој начин се заокружува и усогласува законската регулатива со Уставот на Р и на тој начин ќе се надминат некои воочени недоследности во водењето на евиденциите во областа на трудот особено во насока на ефикасно и точно водење на потребнит еподатоци за навремено доставување на работодавачите и т.н.

Во оваа смисла Комисијата оцени дека евиденциите за вработените работници и потребата од работници за плати, за повреди при работа и за корисници на правата на инвалидско осигурување од страна на работодавачите, како и постојната контрола од надлежните органи треба да придонесе за надминвуање на постојните слабости во евиденциите во областа на трудот.

Значи потребата е евидентна и ние ја подржуваме иницијативата да се донесе овој закон.

Од друга страна, во својство на член на пратеничката група на ЛДП да кажам дека и нашата пратеничка група го подржува донесувањето на овој закон. Сметаме дека е солидно изработен закон со ситни технички работи кои беа истакнати и се надевам дека наскоро ќе имаме солидни закони во оваа област.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за евиденциите во областа на трудот.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

3.Заклучокот заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Предложенито заклучок го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собраието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за водостопанства.

предлогот за донесување на закон и извештаите на работнит етела Ви се доставени односно поделени.

Отворма претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Секторот за наводнување се наоѓа во криза. Наводнуваното земјоделство во престојниот период е изложено на ризик. Поголемиот дел, од вкупно 25 водостопански претпријатија во Македонија се соочуваат со тешкотии поради кои тие не беа не се и нема да бидат во можност во иднина да се во состојба да обезбедуваат услови за наводнување.

Оваа криза се надоградува наназад повеќе години. Водостопанските претпријатија не ги одржува и не ги одржуваат системите за наводнување во исправна оперативна состојба. Тие системи имаат потреба од рехабилитација. Потврда за тоа е проектот за рехабилитација и преструктуирањето на наводнувањето од Светската банка кое ќе потроши околу 20 милиони долари за рехабилитација на системите. Руинираните канали не овозможуваат адекватно снабдување со вода за наводнување поради што земјоделците се незадоволни од таквите услуги.

Кај водостопанските претпријатија постои значителна преврабротеност поради што водниот надоместок е значително повисок од прифатливиот, а земјоделците се затекнати и се наоѓаат помеѓу високите надоместоци за користење на вод аод една стран аи нарушените услуги од друга страна.

Водостопанските претпријатиај не се во состојба да го наплатат водниот надоместок и заклучно со крајот на 2002 година имаат ненаплатени побарување по тој основ во износ од над 13 ипол милион евра.

Како последица на ваквата состојба од 25-те водостопански претпријатија 16 водостопански претпријатија имаат пренесено загуба од 2001 година во 2002 година во износ од 17, 8 милиони евра. 21 водостопанско претпријатие искажало загуба за 2002 година во износ од 9,1 милион евра. 23 водостопански претпријатија со 2002 година искажуваат обврски во висина од 50 милиони евра. 16 водостопански претпријатија со 2002 година не исплатиле нето плати на вработените во износ од 3,8 милиони евра. 22 водостопански претпријатија со 2002 година имаат исплатени придонеси и помалку плати

во висина од 4,7 милиони евра. 23 водостопански претпријатија со 2002 година имаат неисплатено обврски за даноци и такси во висина од 1,6 милиони евра. 10 водостопански претпријатија со 2002 година имаат достасани судски извршни решенија во висина од 1,3 милиони евра. 7 водостопански претпријатија имаат блокирани жиро сметки.

Не исплатените и незадоволни вработени кои работат во водостопанските претпријатија од тие средства или жиро сметки не се во состојба да обезбедат услуги за наводнување на прифатлив начин на земјоделците. Ова е криза со несогледливи последици која се заканува да ги уништи системите за наводнување на Република Македонија во целост поради што мора да се пристапи кон реформи час поскоро за да се спаси водостопанството во Република Македонија .

Разочарувачката состојба на 25-те водостопански претпријатија е во контраст на потенцијалите и богатството од инфраструктура за наводнување изградена во минатото со капацитет за наводнување на бруто површини од 126 илјади хектари и со вредност од околу 265 милиони евра, книговодствена вредност, или околу 2 милијарди евра по цени кои нудат големи потенцијали.

Поголемиот број од системит еза наводнување во Македонија се снабдуваат со адекватни количества на води од акомулациит еи пвоеќето од нив обезбедуваат дистрибуција на вода за наводнување по пат на гравитација, поради што голем број од нив обезбедуваат и доволен притисок за наводнување со распрскувачи.

Количеството на енергија што се користи за пунктните станици е незначително во споредба со соседните земји како што се Грција, Бугарија, Романија, што треба да претставув аи претставув апредимство. Македонија поседува потенцијал со кој може да обезбеди адекватни и економски оправдани услуги за наводнување и тоа по доста поефтини цени од своите соседи.

Наведениот потенцијал е во значителна спротивност со реалност. Македонските системи за наводнвуање се значително деградирани, а надоместоците за наводнвуање се значително повисоки од оние кај соседните земји.

За да македонското производство стане конкурентно потребна е сериозна реформа во секторот. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи сеопфатна , правна и институционална реформа со овој закон, како и со веќе усвоениот од Собранието на Република Македонија , Закон за водни заедници што е во целост подржано од страна на Светската банка.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостоанство реформата во секторот ја цени за интензивна и ја заснив ана три иницијативни политики.

Прво, трансфер до максимално ниво на одговорност за наводнување за земјоделците преку формирање на водни заедници.

Водните заедници се формирани или ќе се формираат низ целата земја и за сите системи за наводнување и тие ќе купуваат вода на големо од водостопанствата што ќе се утврдат со овој закон , ќе управуваат со системит еи ќе ја дистрибуираат водата до своите корисници во рамкит ена својата област на делување.

Второ, преструктуирањето на водостопанскит епретпријатиај во нови водостопанства што ќе биде спроведено во рамките на овој закон.

Согласно одредбите на овој закон постојните водостопански претпријатија ќе престанат да постојат во сегашната форма и со сегашниот начин на користење, а новите водостопанства што ќе бидат формирани ќе бидат можност за нов почеток и работа во областа во битно видно изменети правни и фактички услови.

Интеграција на сите заинтересирани субјекти, оние што ја користат водата, оние што ја снабдуваат, оние што ја обезбедуваат и користат водата и државата што ја прави правната рамка за тоа користење и го дава својот имот на управување и користење на водокорисниците претставува вистинска интеграција на сите три заинтересирани страни во овој случај. Со ова Република Македонија ги исполнува условите во секторот на водостопанството што ги бара процесот на интеграцијата на државата во Европската унија. Овој закон овозможува:

1.Интегрално управување со системите.

2.Управвуање од водокорисниците.

3.Самофинансирање и самоодржливост.

4.Транспарентност и одговорност за работењето .

5.Нови стандарди услови и правила за работењето.

6.Фер и еднаквост во доставвуањето на водата.

7.Протокол за безбедност на водата.

8.Учество на водокорисниците во планирањето , одржувањето и формирањето на водниот надоместок.

9.Регулирање од страна на Министерството .

10.Обезбедување.

СЛАВКО ПЕТРОВ: (Продолжение)

Интегралното управување со системот за наводнување повеќе нема да биде поделено и врз основа на административни граници, кои немаат никакво хиролошко значење. Ќе постои нов начин на организација и работа на системите, што ќе ја зголеми ефикасноста и ќе ги намали трошоците. Управување од водокорисниците е најзначајното начело на новите водостопанства и е факт што тие ќе одговараат на потребите на водокорисниците. Ова ќе биде постигнато преку одборот на водокорисници кои управува со водостопанствата и ги донесува клучните одлуки за неговото функционирање. Одборот на водокорисници е составен исклучиво од водокорисниците врз основа на учеството на водокорисниците од вкупниот обем на услуги што го пружа водостопанството и врз основа на плаќањето на услугите, со што се овозможува во одборот на водокорисници да учествуваат само водокорисници што ја искористиле услугата и истата ја платиле, за да се оневозможи во работата на одборот на водокорисници да учествуваат оние што не го извршиле плаќањето и на тој начин да ја доведат во опасност работата на целото водостопанство.

Трето, самофинансирање, самоодржливост ќе се исполнува преку утврдување и наплата на надоместокот за испорачана вода од водните заедници, со можност за донесување на акти за утврдување на висината и рокови на наплатата на надоместокот за водокорисниците.

Четврто, транспарентност и одговорност ќе бидат постигнати преку управување од страна на корисниците, но и преку објавувањето на годишните сметки, како планот на одржување на контролата на водокорисниците, како и преку воспоставената контрола врз нивното работење од страна на субјектите утврдени во законот. Нови стандарди и услови и правила во работењето. Новите стандарди, услови и правила на работењето ќе започнат со престанок на постоењето на досегашните водостопански претпријатија, преку нивна ликвидација или нивно преструктуирање и доведување на истите во составот, да можат да се самофинансираат и да се самоодржуваат.

Фер и еднаквост на доставување на водата ќе биде постигнато преку договори за услуга со точно пропишување на условите под кои ќе се склучуваат и кои ќе регулираат испорака на водата во нормални и вонредни услови. протоколот за безбедност на водата ќе овозможи услови на еднаква дистрибуција на вода до водокорисниците во вонредни услови односно елементарни непогоди, суши и слично.

Осмо, учество на водокорисниците во планирањето, одржувањето и донесувањето на висината на водниот надоместок. Ќе се обезбедува преку веќе погоре

споменатиот дел во состав на одборот на водокорисници, со кои што ќе ги носи сите клучни одлуки во работата на водостопанството, почнувајќи од донесувањето на актите до склучувањето на договорите, организацијата на работата, на односите во водостопанството и друго. Ваквиот начин на управување со водостопанствата го познаваат системите нањ Шпанија, Холандија, Германија, Италија и други земји на Европската унија. Регулација од страна на Министерството државата ја задржува клучната улога во контролата на работата на водостопанствата преку мерките и актите што се пропишани со овој закон. Тоа се заснова на принципот на склучување договор со водостопанските субјекти на целокупниот систем за наводнување без надоместок. Но, ако во управувањето и користењето на тие средства, државата се определила за тоа да го прават корисниците, јас задржува во свои раце контролната функција со можност за распуштање на одборот на водокорисниците како заштитно средство од злоупотребата на системите од страна на водостопанствата.

Десетто, обезбедување законот на неколку нивоа овозможува обезбедување, контрола со цел за соодветно однесување во работата на одборите на водокорисниците и водостопанствата и тоа преку договор за трансфер на инфраструктурата ќе содржи клаузули, спецификација на намената и користењето на инфраструктурата, како и обврските на водостопанството, водостопанската дозвола што ќе специфицира користење на водата и волуметриско алоцирање за разни корисници, стастутите на водостопанствата и протоколот за сигурност.

Овој закон претставува, како што е и погоре наведено, комплетна, правна и институционална реформа во водостопанството заедно со Законот за води и заедници, како и подзаконските акти какви што треба да се донесат врз основа на овие два закони. За спроведувањето на овој закон потребни се финансиски средства во обем што ќе бидат дополнително утврдени, кои ќе зависат од тоа дали Собранието на Република Македонија со усвојувањето на овој закон ќе и даде алтернатива на Владата на Република Македонија да ги ликвидира постојните водостопански претпријатија и да основа нови или ќе одлучи постојните да останат, меѓутоа, да се преструктуираат со што ќе треба средства од таканаречениот социјален пакет за прекубројните што ќе бидат отпуштени од работа. Во секој случај треба да се реши и да се затвори проблемот со постојните долгови на водостопанските претпријатија преку ликвидација на истите, или трансформација со преземање на истите, односно да се овозможи водостопанствата да стартуваат без хипотеки од минатото, а тоа ќе рече без долгови и преработеност и други проблеми во кондиција што ќе овозможи да се спроведе реформата во водостопанството

и со цена на услугата која нема да ја диктира презелениот долг од новите водостопанства и исплата на истиот.

Ставот на Светската банка по однос на овој предлог закон е позитивен, меѓутоа, истата ви условува со средствата односно помошта во вид на кредити или донации, со што побрзо истиот дас биде ставен во процедура за негово усвојување, со надеж и сугестија дека тоа очекува да се случи до крајот на ноември 2003 година.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господин Георгиев Драган.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, дами и господа пратеници,

Кризата во секторот за наводнување и одводнување и состојбата во која се наоѓаат скоро сите стопански претпријатија во Република Македонија, кои не се во состојба да ги одржуваат системите за наводнување и одводнување и не овозможуваат квалитетно снабдување со вода за наводнување на нашите земјоделски производители, ја наметнува потребата од донесување на нов закон за водостопанството.

Досегашниот закон за води се покажа недоволно добар за во практика да ги реши проблемите, со кои се соочуваат скоро сите стопански претпријатија. Ваквата состојба наметнува потреба од формирање и организирање на нови правни субјекти како автономни, јавно - правни субјекти. Со овој предлог за донесување на закон за водоснабдување се создава правна рамка за основање, организирање, работење, финансирање, контрола и престанок на работењето на водостопанствата и дефинирање на обемот на услуги, кои што ги даваат водокорисниците. Заради подобрување на овој закон ќе укажам на некои мои забелешки, за кои сметам дека предлагачот ќе ги земе предвид при изготвувањето на овој предлог на закон.

Одборот на водокорисници како највисок орган на водостопанство е составен од 5 до 11 членови, претставници на водните заедници и други корисници на вода за пиење, комерцијални, домашни и индустриски потреби и за производство на електричната енергија. Кога постојат повеќе категории на водокорисници што имаат право на места во одборот на водокорисници, бројот на местата се утврдува врз база на процентот на искористена и платена вода од секоја категорија водокорисници поодделно

во последните три години. Тоа е добро предвидено во овој закон, самите водокорисници, односно оние кои најмногу користат и плаќаат количински вода од водостопанствата, имаат и најзначајна улога во однос на одлучувањето во самиот одбор на водокорисници.

Меѓутоа, во членот 26 предлагачот не нуди решение како ќе се избере другиот состав на одборот на водокорисници, бидејќи на почетокот немаме можност да пресметаме процент на искористена и платена вода за последните три години, бидејќи и самите водни заедници, па и водостопанства сеуште не се формирани.

Во членот 39 кога на седница на одбор на водокорисници се отвори расправа заради донесување на одлука, од која член на одборот на водокорисници или негови блиски, наведено е во членот кои се тие, би можеле да се стекнат со одредена непосредна или посредна корист, се задолжува членот на одборот на водокорисници веднаш и јавно да ја открие поврзаноста односно својот потенцијален интерес. Пред отворање на расправата односно донесувањето на одлуката и доколку откривањето на потенцијалниот интерес е направено во согласност со претходниот член, во член 40 е предвидено дека тоа треба да се забележи во записникот на седницата, а членот не смее да учествува во дискусија и гласање на одлуки кои се во врска со предметното прашање. Сметам дека овие два члена 39 и 40 не практично го регулираат конфликтот на интерес на член на одбор на водокорисници, од причини што многу често ни се случувало од самиот член на водокорисници во вакви случаеви, секогаш да ги испочитува членовите 39 и 40. Но, користејќи го своето влијание врз останатите членови без негова дискусија и гласање одлуките би можеле да се донесат во негова корист. Затоа, мислам дека би требало да се намали во членот 39 на роднини по странична линија да биде само до прв степен, а другото да остане исто, додека во член 40 меѓу другото да се предвиди одборот на водокорисници да не биде во можност позитивно да одговори на ниту една ваква одлука односно на сите вакви случаеви да нема можност позитивно да одговори.

Понатаму, во член 42 се вели: “премолчувањето на фактите од член 39 доведува до ништавност на одлуката која е донесена поради таквото премолчување”. Овој член нема да ги реши проблемите со конфликтен интерес на членовите на одборот на водокорисници, така на пример, после една година донесената одлука на седница на одборот на водокорисници, која што одлука веќе се спроведува и се реализира, се открие премолчувањето на фактите на соодветен член на одборот на водокорисниците, за кои се однесува таа одлука. Сега, доколку по овој закон оваа одлука стане ништавна, како што предвидува овој член, многу тешко пропратено со финансиски трошоци би се решил

настанатиот проблем. Затоа, ако предлагачот го земе предвид мојот предлог кој што се однесува за член 40, ќе нема потреба од член 42 и тој ќе може да се брише.

Во член 52 став 2 мислам дека не треба да се нуди можност гласот на претседавачот во одборот на водокорисници да биде повреден, односно одлучувачки во случај на поделени гласови од причини што и претседавачот е рамноправен со сите членови на одборот на водокорисници и во вакви случаи на поделени гласови, како што е и регулирано во претходните членови во овој предлог за донесување на закон ќе значи само дека соодветната одлука не е донесена, бидејќи нема мнозинство од присутните членови на одборот на водокорисници.

Во член 53 став 3 е предвидено одлуките кои што се однесуваат за висината на цените на услугите на водостопанството се донесуваат со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на одборот на водокорисници. Мое мислење е дека за да нема премногу тешкотии околу усогласувањето помеѓу членовите на одборот на водокорисници за одредување на цените на услугите на водостопанството за да на крај биде утврдена пореална пазарна цена која што ќе биде прифатлива за сите субјекти, подобро би било наместо 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на одборот на водокорисници, да стои само мнозинство од вкупниот број на одборот на водокорисници.

Понатаму, одредбата на член 53, која што се однесува на тоа дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да разреши член на одборот на водокорисници а исто така е предвидена и можноста за разрешување од страна на министерот на целиот одборот на водокорисници. Сметам дека оваа одредба е погрешна, бидејќи министерот и неучествува во изборот на членовите на одборот на водокорисници и затоа го предлагам следново:

“Оваа надлежност односно разрешување на член или цел одбор на водокорисници да ја има самиот одбор на водокорисници, меѓутоа, со донесување на одлука со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на одборот. Единствена можност за разрешување на целиот одбор на водокорисници од страна на министерот, треба и е добро да остане во случаи кога ќе се утврди кршење на финансиски прописи, прописи за материјално работење и одредбите на овој и други закони што е добро регулирано со членовите 117 и 188 од овој предлог за донесување на закон. Во член 36 сметам дека треба да стои одборот на водокорисници го именува и разрешува директорот и понатаму и да продолжи понатаму, а не само именува како што стои во членот 56. Тоа заради надополнување на член 63 став 2 во кој нема воопшто предвидено разрешување на директорот од страна на одборот на водокорисници, туку тоа е предвидено на различни други начини. И во член 90 е предвидено на кој начин ќе се

утврди надоместокот за одводнување, но никаде во овој предлог за донесување на закон не е предвидена слична постапка за утврдување на висината на цената, односно надоместокот за наводнување. Предлагам тоа да се предвиди во предлогот на законот кој што ќе следи во понатамошната постапка.

На крајот, сакам да го поздравам тоа што овој закон ќе оди во две фази, за да може да се донесе еден квалитетен закон, кој што ќе се вклопи во реалните состојби во секторот на наводнување и одводнување во Република Македонија и ќе придонесе за подобрување на состојбите на водостопанските претпријатија, намалување на превработеноста во нив, зголемување на процентот на наплата за водниот надоместок, овозможување на непречено и соодветно снабдување со вода на самите земјоделски производители и други водокорисници, со што би добиле и пониски цени, односно надоместоци за користење на водата од една страна, а подобри услуги од страна на водостопанствата од друга страна.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Благодарам претседателе,

Почитуване претседателе, министре, колеги пратеници,

Денес, на дневен ред дојде и вториот закон од страна на водостопанството, после законот за водни заедници. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство наоѓајќи се пред огромната важност на овој закон, очигледно е дека пристапил со една висока професионалност кон изготвување на овој предлог на закон за водостопанство. Повеќе од една деценија кон оваа област од стопанството владее една недефинирана, нерегулирана во потполност состојба, која почна опасно да се заканува по техничкото функционирање на хидромелиоративните системи во Републиката. Изминатите неколку децении во оваа област државата финансираше и изгради капитални објекти во водостопанството. Пред се се мисли на голем број на земјонасипни и бетонски брани од разен тип и големина, кои обезбедија големи акумулациони простори за повеќенаменско користење на акумулираната вода, а пред се за наводнување, покрај вода за пиење и производство на електрична енергија. Исто така, се изградија современи хидромелиоративни системи и плодоносните македонски полиња. Таквите системи

дадода решавачки импулс во развојот на интензивното и конјуктурно земјоделско производство. Тоа овозможи, токму во овие подрачја да имаме развој на целокупното стопанство во овие региони и тоа со интензивен раст. Водостопанските објекти, иако претставува врв на хидротехничката наука, изградени исклучиво со наши сопствени кадри, беа стручно опслужувани од наши водостопански претпријатија со висок стручен персонал. Меѓутоа, со распадот на СФРЈ се изгубија веќе освоените пазари, што предизвика криза во земјоделското производство, како и промената на општествено - политичкото уредување на државата, се рефлектира негативно на функционирањето на водостопанските претпријатија. Вистинска храброст и умешност претставуваше опстојувањето на овие претпријатија.

Горенаведените причини предизвикаа неплаќање на искористената вода од водокорисниците. Во претпријатијата што стопанисува со овие капитални објекти, недостигот на финансиски средства, предизвика редукција или недостаток на резервни делови, прекинување на законските обврски кон објектите од областа на сигурноста по околината. Оваа состојба веќе трае една деценија. Се доведоа под знак прашање опстанокот на системите и опасност по имотите и животите на луѓето од можните големи хаварии. Токму крајно време беше да се донесе овој закон за водостопанство, за да се стави крај на една нездрава и штетна состојба во водостопанството на Република Македонија.

Внимателно читајќи го и анализирајќи го текстот на предлогот на законот, веднаш се наметнува констатацијата да предлагачот темелно ги изучил постојните закони од оваа област, во други понапредни европски земји, но исто така сеопфатно го користел нашето автентично искуство акумулирано повеќе децении.

ВЛАДО ПАУНКОВ: (Продолжение)

Се приближи до постојната проблематика во оваа област и притоа ги предвидел до максимум проблемите што произлегуваат во дејноста и за истите дал регулатива. Со овој закон се создава правна рамка за основање, организирање, работење, финансирање, контрола и престанок на работењето на водостопанствата, дефинирање на обемот на услугите кои го даваат на водокорисниците. Со оглед на тоа што овој закон се гледа во две фази, тоа овозможува сите директно заинтересирани субјекти за овој закон да дадат квалитетен допринос во изградување на еден квалитетен закон. Предлагачот на законот со делот од регулативата во кој ја регулира постапката на водостопанското претпријатие со воспоставување на времена службеност врз парцелите што се наводнуваат од хидросистемот не само што покажува дека навлегол во суштината на оваа проблематика, туку на еден перфектен и храбар приод овозможува на водостопанското претпријатие ефикасност и брзина во елиминирање на можни хаварии со големи размери и штети, како и голема ефикасност во извршувањето со закон определени дејности, а пред се се мисли исклучиво да гради, одржува реконструира, поправа и преправа објекти на хидросистемот, го контролира хидросистемот, монтира, демонтира и чита водомери, спроведува снимање потребно за функционирање на хидросистемот, насочува водни тела кон акумулацијата, насочува водни тела кон други објекти кои системот ги снабдува со вода, гради и одржува објекти за заштита од поплава, гради и одржува објекти за спречување од ерозија, гради и одржува објекти за регулирање на пороите и врши други работи согласно со законот. Исто така, позитивна страна на овој закон е што водостопанските претпријатија се ослободуваат, или поточно немаат право на извршување на стопански дејности кои не се опфатени погоре. На пример, експлоатацијата на чакал како и други споредни дејности кои досега ги извршуваа. На тој начин ќе се спречи прелевање на средства од основната кон споредните дејности и опасност од запоставување на основната дејност, наводнувањето како и стварање на непотребен терет од администрација. Хроничното неплаќање на водниот надомест на водокорисниците се решава со висока транспарентност во раководењето со водостопанството. Овде мора да се нагласи покрај користење на компаративните искуства од другите земји користени се и наши искуства, иако е од еден друг политички систем, но сепак даваше позитивни ефекти во наплатата. Предлагачот на законот тоа го ефектуира со одбор на водокорисници со дирекно учество на раководење со водостопанството од страна на водокорисниците се овозможува покрај високата

транспарентност да се обезбеди и голема одговорност кај водокорисниците пред се во поглед на плаќање на водениот допринос.

Предлагачот на законот покрај тоа што учеството на водокорисниците во одборот на водокорисници предвидел пропорционалност согласно големините на земјиштето што се наводнува и дополнителен услов, процент на наплата. Со оглед на тоа што државата на водостопанските претпријатија им отстапува на користење, управување скапи капитални објекти од хидротехниката без никакви финансиски надокнади со цел да се обезбедат ниски цени на водата. Истата согласно законот обезбедува контрола на работењето на водостопанството во сите нивоа на водостопанството сî во интерес на зачувување на државниот капитал. Тоа гарантира сигурност дека ќе се цени, одржува, чува и надоградуваат постојните хидромелиоративни системи. Исто така се создаваат услови за субвенции на земјоделското производство преку водостопанството. Овој закон најпосле ќе создаде услови за формирање на водостопански претпријатија со географски подрачја во кои функционираат хидромелиоративни системи заокружени и единствени, ќе се елеминираат сите нефункционални и имагинарни водостопански претпријатија формирани по бирократски пат што немаат ништо заедничко со функционалноста на хидромелиоративните системи, или поточно ќе ги снема оние фантом претпријатија формирани од локал бирократски потреби на поедини структури не водејќи сметка за целовитоста на системот за наводнување и интересите на земјоделците.

Јас сум длабоко убеден дека потребата за донесување на закон за водостопанство е од извонредна важност што ќе овозможи средување на состојбите во оваа област во стопанството. Предлагачот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на чело со министерот г. Славко Петров пристапил кон овој проект со извонредна стручност и одговорност што гарантира дека во најкраток можен рок пред ова Собрание ќе се најде и текстот на законот надграден и усовршен со сите сугестии пред се од непосредните учесници во водостопанството.

Од горе наведените причини јас ќе гласам за овој закон, а верувам дека и сите пратеници ќе го сторат истото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Марјан Ѓорчев

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани господа министри и претставници на Владата на Република Македонија.

Најнапред јас би дал еден кус вовед во врска со глобалниот светски концепт за одржлив развој кој што претставува нова методологија за успехот на човештвото во 21-от век, во третиот милениум и кој што како еден од основните фактори за спроведување на тој концепт за одржлив развој го третира дефицитот на корисните водни ресурси и на сите конгреси кои што на таа тема се одржуваат ширум светот. Водата опфаќа широк комплекс на вредности: економски, политички, социјални, техничко-енергетски, еколошки. И од тој аспект значењето на водата во овој момент чинам дека ќе претставува она што било златото и среброто во цела низа на векови во средниот век, нафтата во минатиот век, а водата сигурно дека ќе биде национално богатство, затоа што водата е државна сопственост, иако техничките иновации го мондеализираа светот, сепак водата претставува еден елемент особено меѓународните води за кои што се води тивка војна ширум светот. Тоа се случува околу Каспиското езеро каде што под водите на Каспиското езеро, или море се наоѓаат големи нафтени богатства, тоа се случува за меѓународните води, морски води помеѓу Турција и Грција, за жал тоа се случува и со Република Македонија со нејзините пред се проблеми со езерата со Република Грција Езерото Преспа и Езерото Дојран и особено долниот тек на реката Вардар каде што акваториумот на реката Вардар вечниот басен во јужниот дел на територијата на Република Македонија откога ќе премине на територијата на Република Грција немилосрдно се експлоатира на најпримитивен начин и на таков начин ги исцрпува и површинските води на реката, но и подземните води на цела Република Македонија. Оттука при еден ваков поставен светски глобален концепт Република Македонија се наоѓа затечена, затоа што на еден ваков глобален светски концепт ние и приоѓаме барем досега со палиативни мерки од случај до случај. И тука би сакал од оваа говорница да дадам една афирмација на граѓани на Република Македонија за кои што малку се говореше на парламентарната говорница се употребува за политички дебати, за надмудрувања, за негација. Јас би сакал да афирмирам токму еден од предлагачите на овој проект, тоа е проект на овој закон, тоа е проектот за рехабилитација, или структуирање на водните системи во Република Македонија кој што по својот наслов може има многу тесна содржина, но во суштина тој проект и луѓето кои што таму работат граѓани на Република Македонија кои што преживеале политички опции и политички коалиции и не знам какви политички администрирања со владите во Република Македонија, но во основа ја претставуваат Република Македонија пред светските институции, во континуитет работат веќе шеста година на она што треба да биде не реформа, туку според мене длабоко и идејно напред нов концепт за стратегија, за управување со водите, за државно-правна регулатива и би рекол тука и за

администрирање од страна на извршната власт на Република Македонија со водите во Република Македонија. Кај нас за сите овие 4 домени би рекол ова е еден од тие закони за кој што ќе говорам во моето обраќање, меѓутоа еден од тие закони кој што сепак претставува само еден дел од таа опсежна работа кој што тој проект ја води и во иднина треба сите овие 4 сегменти на стратегија, на управување, на државно-правна регулатива и на она што значи администрирање во делот на извршната власт, собирањето на компетенциите и тоа треба да се заврши во еден кус временски период за да може и овој закон да биде оперативен. Тоа е во делот на афирмацијата на луѓето во проектот, посебно на директорот на проектот кој што е тука да го брани овој закон.

Во делот на она што претставува законот за водостопанства, би се осврнал пред се на временската димензија на тој закон. Овој закон доаѓа после наше едногласно изјаснување како законодавен дом во делот на законот за водни заедници, кој што имаше за цел на секундарно и терцијално ниво при користењето на каналската мрежа да ги дефинира односите помеѓу корисниците на водата и овој закон доаѓа како веќе втора фаза каде што треба да го регулира основањето на новите водостопанства во Република Македонија, начинот на нивното работење, материјална и финансиска контрола и на таков начин да даде еден државно - правен облик како да се избегне сето она што во минатото со децении, па и од независноста и самостојноста на Република Македонија се провлекува. Но, овој закон има една голема фалинка во таа временска димензија. Едноставно со еден закон за води донесен 1998 година кој што практично не профункционира, не ги определи овие 4 елементи на стратешко управување со водите на менаџирање на начин кој што претставува собирање на компетенциите на едно место и со самиот облик кој што ќе раководи со водните ресурси и со користењето на водните ресурси во Република Македонија не ќе може, иако морам да дадам полна поддршка, јас ќе гласам за законот во оној дел кој е сработен, еснафски, стручно сработен, но во секој случај не ќе може вака дефиниран да ги избегне проблемите кои што биле во минатото. Затоа што при постојната регулатива за законот за водите, ќе го кажам случајот практичен пример зошто не ќе може да се избегне случајот со проектот: спас за Дојранското езеро. Целата идеја, целиот труд би рекол анимација во Владата на Република Македонија како извршна власт да се реши проблемот за Дојранското езеро потекна од Министертството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Договорите, значи потписот го стави Министерството за екологија, а изведбата со градежните фирми ја контролираше Министерството за транспорт и врски и уште не знам колку да речеме замешателства на разни владини одлуки кои што учествуваа во тоа. И на крајот на краиштата целокупната таа проблематика која што би рекол е дерогирање на одредени

компетенции довело до тоа тој проект кој што можеше да биде оперативен можеби 2000 година стана оперативен 2002 година токму заради нефункционалноста на законот за води кој што не ги дефинира точно од стратешки аспект пред се преку изготвувањето на националната водостопанска основа која што ја немаме како национален водостопански план за корисна употреба на водите на територијата на Република Македонија, надземни, подземни, минерални и термални. Значи, без едно такво собирање на компетенциите во тој закон за води и подоцна со Законот за административно управување на органите на Владата, начинот на кој што се поделени компетенциите, едноставно не се дефинира што е стратегија со водните ресурси, што е управување, од каде почнува екологијата, дека екологијата почнува од фабриката па до пречистителната станица, до речното корито, или езерската површина, дека Министерството за транспорт и врски има ингеренции во делот на она што претставува природна, или вештачка акумулација па од цевоводот да се дотури водата до граѓаните на Република Македонија, а дека сето друго во Република Македонија постојат институции, Фонд за води, Управа за водостопанство, постојат проекти на Светска банка, луѓе експерти кои што таму работат со години и работеле можеби целиот свој животен век кои што си ја знаат својата работа, меѓутоа за да се направи некаков баланс на некоја политичка волја во изминатите влади се оставаат работите да течат ад хок и кога ќе дојде до решавање на еден проблем компетенциите наместо да бидат на едно место, се раширувaат и на таков начин доаѓа до една дисперзија на волјата, една дисперзина на тоа што значи цврста решеност да решиме еден проблем. Оттука законот во оваа фаза доколку сакаме да биде успешен со оваа временска димензија да чекориме, да го донесеме како што кажа господинот министер во ноември. Јас би апелирал ние можеби во скратена постапка на даден предлог од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го донесеме законот за води во скратена постапка и тоа на таков начин законот за води кој што ќе ги собере компетенциите на едно место, а тоа е една единствена агенција за води во која што точно ќе биде определен носителнот на активностите, целта на работењето, стратегијата на управувањето со водите и на крајот на краиштата и она што претставува во делот на водостопанството она што го тангира овој закон со департменти за водостопанство, за вода за пиење, за техничко енергетски ресурси кои што произлегуваат од водата и на таков начин со точно дефинирана функција на таа агенција за води на Република Македонија како институционален облик ќе можеме овој закон за водостопанство со некои измени таму каде што во втора фаза, сега ги има министерот ингеренциите да се преведат во ингеренции на директорот на агенцијата, министерот да биде онаа политичка волја, онаа политичка сила која што некој би рекол чинител одозгора може само да ги

поместува работите на начин кој што ќе значи подобро решавање за оној оперативен дел што Владата на Република Македонија треба да го прави како извршна власт во Република Македонија. Оттука таа временска димензија нас ќе не присили како законодавен дом втората фаза на овој закон да биде усогласена со новиот донесен закон за води на начин кој што пред се ќе ги реши компетенциите во делот на корисните водни ресурси во Република Македонија. Не може понатаму да се дозволи и овој закон ќе биде беспредметен колку и да е добар во делот на наводнувањето и одржувањето на водните системи, бидејќи тоа не е само наводнување на замјоделските површини, туку има своја поширока димензија. Тука доаѓа и аспектот на природните и вештачките акумулации, тука доаѓа аспектот кои води ќе ги користиме дали надземни, или подземни, тука доаѓа аспектот на термалните води со кои што Македонија е многу богата и затоа ни треба една таква институција која што ќе има и софтвер и хардвер и која што ќе одговара само на едно министерство, во случајот тоа е надлежното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа е во дело на временската димензија.

Вториот дел што би сакал да го опфатам тоа е во делот на она што претставува решавање на постојниот облик на организација на водостопанските субјекти во Република Македонија. Повторно пак под надзор на Светската банка севкупните би рекол активности кои што се промовираат ширум светот на оваа најсилна финансиска институција која што има капитал над 800 милијарди долари и која што на некој начин го генерира развојот на многу гранки од стопанството ширум светот, од економијата ширум светот. Република Македонија ако ги следи добро упатставата на луѓето кои што се тука во Македонија укажуваат на едно, дека Светската банка во овој момент се бори за разрешување на два проблема. Прво, е проблемот на невработеноста ширум светот, а второто е проблемот на одржливиот развој кој што опфаќа економски, социјални и политички мотиви повторно поврзано со невработеноста. Ние со нашата стапка за невработеност во овој момент која што и во оваа година расте од објективни причини, да бидам до крај доследен. Таа стапка на невработеност која што во овој момент изнесува 384 илјади невработени иницира на тоа дека ние не смееме да размислуваме повеќе барем како држава, државниот облик на претпријатија да размислуваме да бидат ликвидирани и луѓето прво да се најдат на улица па потоа ние ќе размислуваме како, кои луѓе, со кој профил, кои кадри ќе ги земеме назад, тогаш ќе почнат условите по едно работно место по светски нормативи вие имате право таму да вработите, биле 4.200 во вкупниот облик на едно претпријатие, вие ќе треба да вработите 2.800, 2.600 и повторно ќе се најдеме тука во оваа иста сала, во овој парламентарен дом каде што ќе треба да расправаме колку е тоа добро за Република Македонија. Бидејќи сето што го правиме

тука има смисла, ако пак тоа се однесува во крајна корист на граѓанинот на Република Македонија независно дали тој работи со водниот систем и стопанисува, независно дали тој го користи водниот систем, или пак ние како некои би рекол претставници на државата дали од законодавен дом, дали од извршна власт или пак дали од стручни тела решаваме за тоа како ние во тој дел на економијата на Република Македонија водите стопанисуваме. Едноставно во сите преговори што траат во континуитет со Светската банка изготвени се точни проценки, министерот за земјоделство тука ги изнесе за колку милиони евра се работи на обврските кои што ги имаат тие водостопански претпријатија, проектот кој што сега тече со 32 милиони долари може да се преточи во еден нов проект каде што Република Македонија цврсто ќе застане и ќе каже дека доколку сакаме тоа што го правевме со Холандската влада и Светската банка во една фаза која што веќе шеста година тече и ќе рече уште три години, ќе треба да продолжи да се прелее во една втора фаза кога ќе бидат потребни 50, или 60 милиони евра да добие Република Македонија од Светската банка, или грантови од Кралството Холандија, или други земји за да можеме ние во целост тој нов концепт на стопанисување со водите да го разрешиме. Можеби тоа нема да биде во овој наш парламентарен мандат, можеби тоа ќе трае до 2008 година, или 2010 година, но во секој случај тука ги трасираме основите, тука ја трасираме стратегијата во кој што ниеден сегашно вработен во Водостопанството на Република Македонија не треба да размислуваме да го отпуштиме. Затоа што ние во овој момент наводнуваме едвај некаде околу 50 илјади хектари во Република Македонија, а имаме земјоделска корисна обработлива површина од 600 илјади хектари.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ: (Продолжение)

Ние треба да размислуваме колку многу нови луѓе, колку повеќе луѓе се потребни во тие нови водостопанства, со нови технологии, со нови хардвери, со нов начин на експлатација на јужниот тек на вардарска долина каде што 4 илјадии хектари ќе бидат систем капка по капка, или некој нов проект околу Злетовската брана на браната на Злетовска река или пак околу системот Стрежево, или пак водите на Студенчица и оние проекти што беа за снабдувањето со вода на градот Прилеп, едноставно нас ни се наметнува прашањето: ако секаде во светот најбогатите претпријатија во државите се тие што стопанисуваат со водите, како тоа да го направиме ние тоа во Република Македонија. Место 4 илјади, да вработиме 10 илјади. Затоа што сегашниот начин на управувањето со водите, начинот на кој што се користи водниот надомест, тие што работат со тоа знаат добро дека на одредени делови во РМ, водниот надомест не може да се собере. Нема да се собере едноставно. Во хидросистемот Полог водниот надомест не се собира со години наназад. Или пак да launch речеме во некои делови од Источна Македонија каде што животниот стандард е далеку од она што претставува просечен животен стандард во РМ.

Едноставно или пак долгот што го има Електростопанство на РМ кон Фондот за води, соглансо законот за води, кои што ниедна година не бил исплатен наначин, на кој што треба да биде исплатен, а тој долг изнесува со милиони евра. Значи проблемот не е во тие луѓе кои што стопанисуваат таму, и нивната судбина не треба да ја врзуваме на таков начин со тие ете биле несреќници, кои што сега работат во тие водостопански претпријатија, можеби Полог, или незнам можеби Турија или Брегалница, едноставно нашата задача е задачата на извршната власт, нашата како законодавен дом да донесеме закони кои што ќе поддржат нови вработувања и во делот на водостопанствата а тука имаме добри ресурси, Република Македонија ако не во надземните води, барем во тој дел на подземни термални води изобилува со големи богатства и можеме да креираме иднина, значи можеме да креираме нови работни места. токму затоа треба сите тие 50 милиони евра, колку што изнесуваат обврските на водостопанствата, да бидат

сервисирани со помош на државата, тие средства да бидат земени преку повторен заем од светската банка за еден нов проект, кој што можеби ќе се вика нов концепт за одржлив развој на водите во РМ, со точно дефинирани стратешки аспекти и нова национална водостопанска основа, би рекол нов начин на управување со водите и оттука ќе произлезе нова функција на Владата, преку таа агенција за води која ќе стопанисува целосно и Министерството за земјоделство тогаш ќе може таа севкупна работа, севкупен облик на стопанисување на водите во законска форма, доколку постои потреба низ амандмански или други измени во нови закони да ги донесе тука во законодавниот дом и во континуитет да одиме напред, да правиме реформа, но што се вели без човечки жртви. Досега во сите преговори со ММФ и Светската банка бевме послушници кои само отпуштавме луѓе, правевме реформи, меѓутоа, никогаш не размисливме да поставиме, а тука има услови, тука има зошто да го кажеме тоа дека во овој сектор на водостопанисувањето во Републиката ние имаме можности за нови вработувања и затоа тука ни требаат пари. Тоа е во тој дел како треба да се однесуваме и наша поддршка а би рекол и моја лична поддршка на она што значи работа на министерството во делот на преговорите во Владата за да се дојде до тие средства кои ќе значат зачувување на тие луѓе и низ овие законски форми на преструктуирање на претпријатијата да им овозможиме тие луѓе да останат на работа во нов организационен облик на начин кој ќе биде согласно одредбите во овој закон предвиден со одбор на водокорисници, што значи материјално финансиска контрола и работење. Но, сепак, апелирам уште еднаш мораме да водиме грижа за човечките судбини, бидејќи тоа е наша задача во секој концепт на развој кој што го креираме тука во законодавниот дом.

И третата работа која би сакал да ја спомнам едноставно ќе ја поткрепам со пример. Ние имавме закон за приватизација, сеуште е рано за историската димензија да кажеме дали беше добар или лош, меѓутоа, приватизацијата на РМ завршува сега со одлука на овој парламент во четврти месец 2004 година, а се одбиваше во РМ затоа што законот беше ваков или таков, туку затоа што постоеше институција, Агенција за приватизација. Постоеја луѓе кои беа оспручени за таа работа. Денес се сите консултанти на светски познати консалтинг фирми или пак се некаде по амбасадите во Република Македонија, луѓе кои го спроведуваа тој закон на начин, на кој во даден момент било најопортуно да го спроведуваат. Оттука, уште еднаш ќе апелирам, нужноста од Агенција за води е неопходна. Тоа е тој модус вивенди, тоа е тој замаец кој ќе овозможи законите за води што ќе ги донесеме, денес за водостопанство, како согласност да се оди во втора фаза, Законот за водни заедници да има своја осмисленостс затоа што знаеме и сигурни сме дека таму во таа институција ќе постојат луѓе кои ќе водат сеопфатна грижа и на

таков начин ќе можеме конечно во една блиска иднина да го разрешиме проблемот на стретегијата, управувањето, државно управната регулатива и она што значи на крајот на краиштата контролата во користењето на водните ресорси.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседателе, пожитувани министри и претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа вториот реформски закон во секторот на водоснабдување. Првиот беше Законот за водните заедници, а ни останува уште еден закон, со што би ја зокружиле оваа значајна област. До реформи може да се дојде само ако се реализираат овие закони.

Овде морам да напомнам дека со Законот за води, донесен 1998 гоидна, не се постигна она што од него се бараше, па Секторот за наводнување се најде во така тешка состојба. Со овој закон практично треба да се прекине затворениот круг, односно водостопанските претпријатија не го одржуваат системот за наводнување во исправна состојба. Од ова не беа задоволни водокорисниците, бидејќи руинираните канали не обезбедуваат добро снабдување со вода за наводнување, па така не плаќаа надомест за користење на вода. Овде да напомнам дека заклучно со 2002 година должат некаде над 13,5 милиони евра. Од друга страна, незадоволните работници кои работат во водостопанските претпријатија, заради неисплатените личнии доходи, не ги одржуваат каналите и така кругот се затвора. Во секој случај, кругот треба да се прекине во интерес и на водокорисниците и на водостопанството, бидејќи само заедно можат да егзистираат.

Сега би се задржал на одделни членови од самиот предлог за донесување на закон.

Во член 18 мислам дека треба да се најде место и за дејноста одводнување, а морам генерално да забележам дека одводнувањето во предлогот како да има некоја споредна работа, односно се спомнува само инцидентно.

Во членот 25, во кој се зборува за одборот на водокорисници, во Предлогот за донесување на закон за водостопанство е составен само од претставници на корисници на услуги, односно од претставници на водните заендици и други категории корисници на вода. Сметам дека треба во самиот состав да има 3/4 од водокорисниците и 1/4 од претставниците на водостопанството. Со тоа доминантната улога пак би ја задржиле водокорисниците. Така не би се довел во прашање ниту член 122, бидејќи одлуката за

престанување со работа на водостопанството пак би ја имале водокорисниците. Сметам дека така ќе биде поефикасна работата на самото водостопанство.

Во член 29 мислам дека формулацијата не е јасна. Се повикува на член 28, што не е речение за дилемата зошто индустриските водокорисници би имале членови во одборот на водокорисници под услови да се единствени корисници.

Во членот 54 - членови во Одборот на водокорисници предлагаат водните заедници и други категории корисници на вода, а разрешувањето го врши министеот. тука сметам дека е нарушен основниот принцип, оној што назначува и да разрешува.

Во членот 83, во кој се зборува за можноста за задолжување на водостопанството и тоа од кредити од комерцијални банки и позајмици од правни и физички лица, за мене лично не ми е сватлив овој член бидејќи за задолжување водостсопанството бара одобрение од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа во писмена форма, а во исто време тоа не повлекува никаква одговорност и гаранција од државата. Во такви услови повикувајќи се на членот 83 незнам која комерцијална банка би одобрила кредит бидејќи во овој случај потписот на министерот би имал само и нтерна употреба.

Во члено 103 во врска со член 100 нема прецизна регулатива за тоа кои се надлежностите на времените или првите членови на одборот на водокорисници. Мора да се напомене и тоа дека во преодните одредби мора да стои јасна одредба за роковите за преструктуирање на постојните водостопански субјекти, но не и за ликвидирање, како би можело што побезболно да се решат прашањата со споените дејности и со превработеноста.

На кратко би се задржал на надоместокот за испорачанат вода за наводнување, која според мене е најпозитивната придобивка од овие два реформски закони во Секторот наводнување, бидејќи ќе се плаќа само потрошената вода, а цената ќе ја одредуваат самите водокортисници, се разбира преку своите органи.

Општа забелешка е, што целиот предлог за донесување на закон за водостопанство е премногу долг и оптоварен со могу текст, па сметам дека многу делови од предлогот може да се регулираат со подзаконски акти. Пратеничката група на ЛДП го поддржува предлогот за донесување на законот и се надева дека сите позитивни сугестии ќе бидат вградени во предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, пожитуван министре,

Во однос на предлог законот за водостопанство би сакал да го кажам слендото.

Од самото излагање на министерот за потребата од донесување на овој закон, како основна причина се наведува тоа што досегашните водостопански претпријатија се во тешка состојба, економска состојба, истите не можат да функционираат, не ги собираат парите и се неликвидни, па се укажува потреба врз основа на тоа, да се донесе овој закон, со што би се создала рамка каде што истите ќе функционираат во една поздрава економска основа.

Гледајќи го законот како што е предложен, лично сметам дека нема да ја постигне таа цел, иако има потреба од негово донесување, бидејќи законот за води не успеал да ја реши таквата состојба, но сметам дека и овој закон нема да реши баш ништо, бидејќи очигледно е дека истиот се потпира на основи што раководењето со водите и управувањето ќе се пренесе на претпријатија со кои ќе управуваат самите корисници на води, односно членови на управувањето ќе бидат пртставници од водните заедници.

Овој закон како проект е според некој модел од западноевропските држави, кои се во ЕУ, и кои го имаат решено статусот во целина на земјоделството. Инаку, како таков во РМ нема да ја постигне целта, бидејќи не е причина што досегашните претпријатија имале наводно несоодветен кадар, не ги собирале парите и така водостопанството дошло во една тешка економска состојба.

И со овој проект на закон состојбата ќе биде иста и треба да ни биде јасно на сите нас овде, бидејќи како пратеници сме должни да размислуваме за едни капитални објекти кои се градени пред 30-40 години, истите се во распаѓање и така во еден брз период, за неколку години ќе се распаднат, а тогаш воопшто не ќе може да се соберат пари и на овој начин.

Во Законот за водните заедници стои дека тие се формираат самоиницијативно, во одредени подрачја каде што нема да се формираат и организираат ќе управува Владата со таквите објекти. Што ако во РМ, не се формираат 50% од водните заедници? Како ќе се формираат тие управни одбори за раководење со водостопанските објекти кои се сега во РМ? За решавање на проблемите со водите кои се божји дар, сонце, вода и воздух се основните елементи за животот, а исто така и за опстанок на човештвото и зај производство на земјоделските производи е водата, за тоа се граделе толку објекти и сметам дека не смееме само со ваков закон да се оттргне од државата или владата

досегашното работење на ваквите претпријатија и дека на овој начин ќе тргне поинаку или ќе дојде до ликвидирање на истите. Тоа е општо.

А, посебно, за самиот закон сметам дека истиот не ја регулира целата материја и требало а се  оди со еден комплет на сите закони, бидејќи засега Законто за води останува, виси, ниту е регулирано во овој закон дали тој ќе остане како таков или ќе се менува или воопшто нема да постои. Кога таква одредба нема во Законот, а со тој закон е регулирано постоење на водостопански претпријатија, а и со истиот закон се предвидува формирање на водостопански претпријатија, тогаш кој закон ќе важи, дали новиот или стариот, бидејќи со ништо не е укажано дека стариот закон е укинат.

Ги поддржувам дискусиите во тој дел, во втора фаза, а верувам дека овој закон ќе биде прифатен, истовремено да се предложи закон за води или каков ќе биде, и на тој начин да се реши комплетно прашањето на водите.

Исто така, недостаток во законот е што не е доволно дефинирано што се претпријатијата, какви ќе бидат, јавни или може да бидат и поинакви. Во начинот на формирање на претпријатија стои дека истите ќе ги формира Владата со Одлука што укажува дека истите ќе бидат државни претпријатија или јавно претпријатие, не може да биде нешто поинаку. Дали ќе може да се формира и приватно претпријатие, па Владата да дава согласност, и тоа не е регулирано, па во наредната фаза тој дел треба да биде јасен и да знаеме што е овој закон. Дали државата воопшто ќе се откаже од водите, односно, кога го гледаш законот, стои дека државата односно владта ги формира овие претпријатија со своја одлука, а во почетокот воопшто не стои дека тие претпријатија се државни, не можат да бидат приватни. Ако бидат, тогаш треба да стои во законот, ако може да има и приватно формирање на такво претпријатие. Тоа е недостаток во законот.

Покрај истовремено предлагање и на закон за води кој ќе ја реши состојбата во целина и кога тоа така би се направило, сметам дека сепак нема да функционира овој закон, затоа што овој закон, така се изјасни министерот, добро функционира во Шпанија, Германија, Англија и во некои други западноевропски држави, но таму е регулирано и нешто друго. Имено, регулирано е земјоделското производство во целина. Кај нас не ќе можат корисниците на вода кои ќе управуваат со водите да соберат пари за потрошената вода во земјоделството, доколку не е регулиран начинот на земјоделското производство и што со него. Во западноевропските држави постојат прописи и не може земјоделското производство како стратешка култура да биде оставено на милост и немилост на земјоделци кои имаат еден или два хектари земја, тие сами да го организираат и производството и продажбата на тие производи.

Затоа, сметам дека Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да подготват таков закон за начинот на продажба на земјоделското производство и негова заштита. Ние се откажавме од било каква заштита во земјоделстовот, а од друга стсрана кога ќе се произведе, ако остане на плантажите на полињата, да не очекуваме дека некој ќе собере пари за да го плати водниот надомест.

ЕФТИМ МАНЕВ: (Продолжение)

Сметам дека Министерството за земјоделие треба посериозно да се зафати и со тој проблем и така, сите закони што комплетно ќе го регулираат аграрот да дојдат пред Собранието, да се донесат во една целина, тогаш ќе можеме да сметаме дека системите ќе останат да живеат и понатаму и да служат во аграрот. Инаку, во противно, само можеме сега да се отарасиме од тој проблем што постои, а веројатно ќе дојде дополнително за година или два и тогаш ќе немаме ниту системи.

Толку би имал, благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам/

Има збор госпоѓа Лепиткова Соња.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван господин претседателе на Собранието, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Водените ресурси, по мене се едни од најзначајните ресурси за било која држава во светот и како такви припаѓаат во групата на есенцијални потреби, како за човекот така и за развојот на растителниот, па и на животинскиот свет.

Во својата програмска платформа на ЛДП, меѓутоа читајќи ги програмските платформи на останастите партии, недвосмислено се намњетнува прашањето дека регулирањето на правната легислатива во сферата на водните ресурси е фундаментална претпоставка на севкупниот развој на една територија или држава и во тој контекст секако има Република Македонија. Во таа насока, како би можела да се востанови ефикасна правна легислатива на овие многу важни ресурси во многу држави во Европа и во светот се донесени соодветни правни регулативи со кои што се уредени односите во оваа многу чуствителна област.

Од тој аспект, почитувани пратеници, Предлогот на законот што се наоѓа пред нас претставува посебен интерес и затоа треба да го разгледуваме со посебно внимание и сериозен пристап. Во самото образложение на Законот јасно се наведени финансиските средства што се издвојувани во изминатите години за изградба на постојните хидро системи и таа бројка, според мене, изнесува некаде околу 2 милијарди евра. Доколку денес тие хидро системи би требале да ги градиме, би потрошиле толку пари. Овие финансиски средства што се проценети, се исклучително високи за една држава како што е Република Македонија и од тој аспект е недопустливо, а во најмала рака да кажам би било и неодговорно доколку

не ја рагулираме правната легислатива во овој многу значаен сектор, а притоа користејќи ги искуствата на развиените земји што овој проблем веќе го решиле на ефикасен начин.

Напорите што ги направиле Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесувајќи го овој Предлог на закон во секој случај заслужуваат огромно внимание ако се има предвид самата содржина на предложениот закон.

Во овој предлог на закон суштествено се помествуваат работите во сферата на водостопанството во една насока што во секој случај обезбедува квалитативно нови претпоставки во функционирањето на оваа област, воведување бројни демократски механизми на одлучување, избор и контрола на работењето на водостопанските претпријатија, а истовремено и суштествена контрола во работењето на истите во рамките на соодветното ресорно министерство. По мене, вака избалансираните односи во Предлогот на законот во основа гарантираат успешна реформа во овој сектор и истовремено гарантираат дека вложениот капитал што се наоѓа во овие хидросистеми во правилна насока ќе ги обезбеди претпоставките за позабрзано земјоделско производство, водснабдување и снабдување со електрична енергија од една страна, а секако дека ќе обезбеди и претпоставки за одржување и обнова на веќе постојните хидросистеми од друга страна.

Предлогот на законот, во секој случај на еден суштествено подобар начин ја регулира оваа материја што до сега беш регулирана и спроведувањето на таа регулатива ги даде резултатите што се евидентни, а се наведени во самото образложение на Предлогот на законот. Тоа се хидросистеми што се доведени во фаза на неможност за ефикасно функционирање за намените за кои што се иградени. Итноста на регулирањето на оваа материја и квалитативното поместување на состојбите во насока што ќе обезбеди подобро функционирање на хидросистемите, претставува темелна претпоставка за развој на земјоделието.

Моите забелешки по однос на текстот на законот по одредени членови пред се се од техничка природа и ќе ги кажам со цел да придонесам за поквалитативно работење во сферата кога ќе дојде Предлогот на законот.

Пред се, тоа е членот 30 каде во ставовите 3 и 4, според мене можеби и не би требале да постојат, а тоа е дека кандидатот за член на Одборот на водокорисниците треба да поседува познавање од комерцијално работење. Не мора сите кандидати да имаат познавање од комерцијално работење. И способност за

осмислување и донесување одлуки и извршување на задачи. Можеби требало да се преформулира на поинаков начин.

Членот 33 вели дека членовите може да добиваат надомест, односно согласно со закон или прописи донесени врз основа на закон. Сметам дека би требало членовите да добиваат надомест и само во тој случај тие би биле одговорни и би биле обврзани многу попрофесионално да ја вршат својата работа во тој одбор што ќе биде формиран како таков.

Во членот 92 се вели дека водостопанството “што сака да користи”, можеби би требало “кое има потреба да користи” затоа што во тој случај ако постои оваа одредба сите водостопански претпријатија би сакале да користат државни средства. Тоа сигурно така ќе се случува. Значи, оние кои имаат потреба, Министерството ќе биде тоа заедно со членовите на Одборот што ќе ја утврдат таа потреба.

Во членот 123 стои “Одлуката за престанок на работата на водостопанството (тоа другите колеги посебно го потенцираат дали тие години треба да изнесуваат толку)”, по мене мислам дека е техничка грешка и би требало да стои “По одлуката” за ликвидирање односно за престанок на работата на водостопанското претпријатие треба да се назначат двајца или повеќе ликвидароти и тн.

Сметам дека со донесувањето на претходниот закон за водни заедници, бидејќи се донесуваше во интервентна постапка, сега, со донесување на овој закон, целосно регулирање со законите за води каде што ќе се докомплетира законски оваа сфера треба да се обрне внимание каде ќе бидат вметнати хидросистемите што сега се во фаза на изградба или почнуваат со изградба. Бидејќи државата инвестира, ќе продолжи да дава свои гаранции и средства, како ќе бидат тие луѓе формирани во тие одбори и како понатаму ќе се регулира таа сфера.

Јас го поддржувам овој Предлог на закон и навистина сметам дека е потребно што поскоро пред пратениците да се донесе Предлогот на законот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Тука ќе завршиме со денешното заседание.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

Ги молам претседателите на комисиите кои сакаат да закажат седници за седницата за 17 септември да ги закажат во понеделник. Ако утре не завршиме продолжуваме во вторник, а во понеделник да се свикаат комисиите.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот)